Јована Малезанска

м-р Елеонора Петровска

# АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА МЛАДИ

За издавачот:
Анисија Угриновска
Петар Мицкоски

Лектура:
Весна Костовска

Тираж
100 примероци

Дизајн и печат:
Полијестердеј

Скопје 2023

# СОДРЖИНА:

Листа на кратенки: 4
Вовед 5
Методологија 7
Анализа на податоците од анонимниот прашалник спроведен меѓу млади учесници 8
Учество на младите во јавниот живот 9
Закон за младинско учество и младински политики 10
Закон за спортот 13
Закон за културата 14
Закон за игрите на среќа и за забавните игри 15
Изборен законик 16
Закон за здруженија и фондации 17
Закон за филмската дејност 17
Образование на младите 18
Закон за средното образование 18
Закон за високото образование 22
Закон за ученичкиот стандард 25
Закон за студентскиот стандард 28
Социјална и здравствена заштита 32
Закон за младински додаток 32
Закон за социјалната заштита 34
Закон за здравствената заштита 35
Закон за семејството 35
Закон за заштита на децата 38
Закон за поддршка на млади при купување музички инструменти 41
Закон за бесплатна правна помош 42
Закон за заштита на личните податоци 42
Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 45
Работа 47
Закон за работните односи 47
Закон за волонтерство 50
Закон за безбедност и здравје при работа 51
Заштита од насилство и злоупотребување 52
Закон за правда за децата 52
Кривичен законик 55
Закон за спречување и заштита од дискриминација 56
Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство 58
Подзаконски акти: 59
Стратешки документи 68
Заклучок 69
Користена литература 72

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ:

| | |
|---|---|
| **РСМ** | РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| **РМ** | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| **ЗМУМП** | ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ |
| **ИЗ** | ИЗБОРЕН ЗАКОНИК |
| **КЗ** | КРИВИЧЕН ЗАКОНИК |
| **АМС** | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ |
| **МОН** | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА |
| **НС** | НАЦИОНАЛНО СОБРАНИЕ |
| **НСМ** | НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ |
| **ЛСМ** | ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ |
| **ЗЗФ** | ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ |
| **ЗСО** | ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **ЗВО** | ЗАКОН ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **АВРСМ** | АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ |
| **УЈП** | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| **ЗС** | ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВОТО |
| **ЦСР** | ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА |
| **ЗБПП** | ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ |
| **МП** | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| **ЗЗЛП** | ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ |
| **ЗААМУ** | ЗАКОН ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ |
| **ЗРО** | ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ |
| **ЗБЗР** | ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА |
| **ЗПД** | ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА |
| **ЗСЗД** | ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА |

# ВОВЕД

Законите и подзаконските акти што директно и индиректно се однесуваат на младите се од суштинско значење за оформување на статусот и искуството на младите во секоја држава. Во едно пошироко гледиште, „младите“ се лица што се наоѓаат во период на транзиција од детство кон возрасна доба и, согласно законската регулатива, опфаќа лица помеѓу 15 и 29-годишна возраст. Со сигурност може да се констатира дека овој период на возраст е одлучувачки за формирањето на индивидуалниот и социјалниот идентитет на младите луѓе, но е и клучен за нивното учество во разни сфери на животот, вклучувајќи ги образованието, работата, здравствената заштита, како и активностите во заедницата.

Младите лица претставуваат значителен дел од секое општество и се критичен ресурс за неговото идно развивање и напредок. Од аспект на правата, обврските, потребите и предизвиците, младите се особено важни и заслужуваат посебно внимание во рамките на правната, социјалната и економската политика на секоја држава. Затоа, анализата на законите и подзаконските акти што се однесуваат на младите има големо значење за идната општествена и економска благосостојба.

Колку младите се запознаени со законската регулатива на РСМ што се однесува токму на нив? Нивната информираност за законската регулатива е од клучно значење за да може младите вистински да ги користат правата утврдени со закон, како и да се запознаат со обврските што се предвидени во законите и законските акти. Информираноста на младите за законската регулатива е исто така од клучно значење за да може да земаат поактивно учество во јавниот живот и во процедурите за креирање политики што се однесуваат на нив. Младите може да придонесат со нови идеи, иновации и ентузијазам, а тие може да го стимулираат развојот на општеството во различни области, како што се образование, технологија, култура и економија.

Вклученоста на младите е важна за разнородноста и инклузивноста на општеството. Младите луѓе имаат различни перспективи, искуства и потреби од повозрасните генерации, а нивните гласови треба да бидат слушнати и разгледувани при одлучувањето за разни прашања. Ова не само што ги збогатува одлуките, туку и придонесува за подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани.

Истовремено, вклученоста на младите е важна за остварувањето поширока демократска легитимност. Кога младите имаат можност да учествуваат во политичкиот процес и да ги изразат своите ставови и прашања, тоа придонесува за зголемување на нивната доверба во институциите и во демократските процеси. Ова може да ја спречи политичката апатија и алиенација меѓу младите и да ги мотивира да станат активни граѓани.

Сепак, за да се оствари поголема вклученост на младите, потребни се одговорни напори од страна на властите и од самите млади. Прво, младите треба да бидат образовани и информирани за значењето на јавниот живот и за тоа на кој начин може да се вклучат. Образованието за граѓанство и активизам треба да биде дел од формалниот и неформалниот образовен систем. Со обучување и информирање, младите луѓе може да се освестат за нивните права и одговорности како граѓани.

На крајот, важно е младите да бидат самоорганизирани и активни. Тие може да се вклучат во разни видови активизам, протести, иницијативи за социјални и културни промени и други активности што ќе ги одбележат како дел од јавниот живот. Исто така, употребата на современи комуникациски технологии и социјалните медиуми може да им овозможи да ги споделат своите идеи и ставови со поголем број луѓе и да влијаат врз јавниот дијалог.

Во овој контекст, анализата на законите за младите го истражува начинот на кој законодавството влијае врз животот, правата и обврските, како и потребите на младите во секој аспект од нивниот живот. Оваа анализа ги вклучува следниве аспекти:

**Учество во јавниот живот:** Како законите ги олеснуваат или ги ограничуваат можностите на младите за учество во јавните и политичките процеси и нивното влијание при донесувањето на одлуките од државата.

**Образование:** Како законите влијаат врз пристапот на младите до образование, квалитетот на образованието, статусот на учениците/студентите, како ги регулираат универзитетите и другите образовни институции, но и други релевантни прашања поврзани со образованието.

**Работа:** Како законите ги регулираат условите за работа за младите лица, вклучувајќи ги минималната возрасна граница за вклучување во работниот процес, условите за работа за младите, вработувањето,

работните права и обврски, стандардите за безбедност и здравје и заштитата на младите како работници.

**Социјална заштита:** Како законите овозможуваат социјална заштита и поддршка за младите во области како што се здравството, социјалните услуги и стипендиите, вклучувајќи ги и обврските на државата во однос на социјалните услуги.

**Заштита од насилство и злоупотребување:** Како законите ги заштитуваат младите од насилство, злоупотреба и дискриминација.

# МЕТОДОЛОГИЈА

При изготвувањето на анализата се користени методски и емпириски истражувања. За прибирање на податоците за целите на изработка на анализата беа применети основни методи на сознание, особено анализа, синтеза, класификација, специјализација и генерализација.

За изработка на оваа анализа се користеа следниве методи:

- Анализа на домашното законодавство од областа на учество на младите во јавниот живот, образованието, работата, социјалната и здравствената заштита, заштитата на личните податоци, заштитата од насилство и злоупотреба, анализата на легислативата од аспект на правда за децата, како и анализата на подзаконските акти поврзани со младите;
- До поголема група млади беа доставени онлајн прашалници поврзани со темата на оваа анализа;
- Исто така, при изготвувањето на оваа анализа беа разгледани и содржините објавени на веб-страниците на релевантни државни органи: Агенцијата за млади и спорт (АМС), Министерството за образование и култура (МОН), Министерството за правда (МП), како и релевантни здруженија на граѓани, Коалиција на младински организации СЕГА.

Целта на оваа анализа е идентификување на законските и подзаконските акти што се однесуваат на младите, стремејќи се во иднина младите да бидат повеќе информирани за нивните законски права и

обврски, како и да имаат поголема вклученост во процесите на донесување одлуки, креирање политики и задоволување на нивните интереси.

## *Анализа на податоците од анонимниот прашалник спроведен меѓу млади учесници*

Истражувањето во првата фаза се спроведе со пополнување прашалник по електронски пат, кој им беше дистрибуиран на лица од фокус-група составена од 30 чинители, избрани по случаен избор.

Во однос на структурата на учесниците по разни основи (пол и возраст), анализата ги даде следниве податоци:

- Од вкупно 30 учесници, 17 (56,7 %) се жени, а 13 (43,3 %) се мажи;
- Во однос на возраста, 12 (40 %) се млади, на возраст од 15 до 18 г., потоа 13 (43,3 %) се на возраст од 19 до 21 г., 3 (10 %) се на возраст од 22 до 25 г. и 2 (6,7 %) се на возраст од 26 до 29 г.

На прашањето дали се запознаени со некои конкретни закони или регулативи што се однесуваат на младите луѓе во РСМ, 56,7 % од учесниците одговориле дека се запознаени, додека, пак, останатите 43,3 % одговориле дека не се запознаени.

Високи 80 % од испитаниците одговорија потврдно и на прашањето дали некогаш добиле формално образование или информации во врска со законите поврзани со младите во училиште или преку други програми, додека, пак, 20 % одговориле дека не се запознаени со ваквата содржина.

На прашањето да се наведе свесноста за законите поврзани со младите, 27,6 % од учесниците одговориле дека се малку свесни, на второ место со 37,9 % од одговорите, следуваат одговорите дека се умерено свесни, 20,7 % навеле дека се многу свесни и само 13,8 % истакнале дека се исклучително свесни.

Од добиените одговори во однос на прашањето дали мислат дека законите поврзани со младите во РСМ се добропознати меѓу младите, добиените податоци беа поразителни, бидејќи 23,3 % одговориле дека не се сигурни, додека, пак, 73,3 % одговориле со „не“, но само 3,3 % од учесниците одговориле потврдно.

На прашањето дали веруваат дека законите поврзани со младите соодветно ги штитат правата и интересите на младите во РСМ, учесниците изнесоа податок за вкупно 53,3 % дека не веруваат, 36,7 % дека не се сигурни, а само 10 % дека веруваат оти законите поврзани со младите соодветно ги штитат правата и интересите на младите во РСМ.

Како последно е прашањето да наведат кои закони и подзаконски акти поврзани со младите ги познаваат, а на ова прашање одговориле само 13 учесници, притоа ги навеле Законот за средно образование, Законот за средношколско учество и демократија, Законот за волонтирање, Законот за студентскиот оброк, Законот за младинско учество и младински политики и др.

# УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО ЈАВНИОТ ЖИВОТ

До пред извесно време, во РСМ не постоеше систематизиран закон што би се однесувал директно на младите и во кој би биле разработени нивните права, обврски, здружување, организирање и нивно учество во јавниот живот, но со донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, овој недостаток беше надминат.

На овој закон му претходеше иницијатива на Клубот за младински прашања и политики за донесување на Законот за млади, каде што во 2018 година во Собранието на РСМ започна процесот на креирање закон за млади.

Овој процес за креирање на законот следуваше по вторпат, откако во 2011 година тогашниот предлог-закон за млади беше повлечен по барање на младинскиот сектор.

Конечно, на 14 јануари 2020 година Собранието на РСМ го донесе законот што беше именуван како Закон за младинско учество и младински политики. Со овој закон се заокружи една целина со која беше даден посебен фокус на вклучувањето на младите во јавниот живот.

## *ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ*[1]

Законот за младинско учество и младински политики е систематизиран во единаесет глави во кои се регулираат сите прашања што се однесуваат на младинско учество и младински политики.

**ЗМУМП** е закон што во РСМ ги регулира учеството на младите во јавниот живот и различните аспекти на младинските политики. Законот овозможува преку правни рамки и механизми за поддршка на младите, тие да се инволвираат во демократскиот процес и да се вклучат во различните области на општествениот и економскиот развој.

Во Законот за младинско учество и младински политики се дефинирани сите поими, а овде ќе наведеме дел од изразите што го имаат следново значење:

**Млади** се лицата од 15 до 29-годишна возраст.

**Младинска политика** претставува збир на мерки и активности со цел да се задоволат потребите на младите, стремејќи се кон остварување на нивниот потенцијал во сите области.

**Младинско учество** претставува процес што им овозможува на младите лица да учествуваат и да споделуваат одлуки за политики и програми што влијаат врз нивниот живот.

**Младинска работа** претставува организиран и систематски процес на образование и поддршка на младите за остварување на својот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал, со цел нивно активно вклучување во општеството.

**Младински работници** се лица со соодветни квалификации што работат со млади лица и преку активности што ги потпомагаат во нивниот личен и социјален развој преку неформални и информални методи на учење.

**Младинска организација** е секоја организација што е легално регистрирана согласно законите за здруженија и фондации и чие највисоко тело за одлучување е составено најмалку од две третини млади лица помеѓу 15 и 29-годишна возраст.

---

1 „Службен весник на РСМ“ бр. 10/20 од 16.1.2020 година.

**Организација за млади** може да биде која било организација што е легално регистрирана согласно законите за здруженија и фондации и не е водена од млади лица или не е дел од политичка партија или синдикална секција. Иако не е примарно фокусирана на младински активности, дел од нејзините цели и активности се насочени кон подобрување на интересите на младите.

**Младински чадор-организации** се организации во кои се обединуваат различни форми на младинско организирање за да остварат заеднички цели во специфични области од интерес за младите. Овие организации имаат право и можност да учествуваат во формирањето закони, политички документи и други стратешки документи од областите во кои дејствуваат, да ја следат и да ја оценуваат имплементацијата на младинските политики, да им даваат предлози и препораки на институции и носители на одлуки, да спроведуваат истражувања и анализи за развојот и статусот на младите во општеството и да реализираат активности што се овозможени со законот, подзаконските акти и нивниот статут.

**Младински центри** се места каде што се креираат и се имплементираат програми и активности со цел да се подобрат условите и благосостојбата на младите. Овие центри обезбедуваат информации што се од интерес на младите и ги поддржуваат во различни аспекти на нивниот личен, социјален и професионален развој. Тие се формираат преку соработка меѓу општините и градовите во земјата.

Согласно ЗМУМП, како **млади** се дефинираат лицата ***од 15 до 29-годишна возраст***. Овој закон се однесува и на разработката и извршувањето на стратешките документи на национално и на локално ниво со цел да се подобрат условите и можностите за младите во општеството. Целта на овие активности е да се подобрат статусот и условите на младите во општеството, односно преку соединување на правата и нивното учество во општеството, и дава инструменти за подобрување на нивната позиција, но и се врши можност за нивно вклучување и влијание врз одлуките и политиките што ги засегаат.

**Целта** на ЗМУМП произлегува од примарната потреба, интересите и стремежите на младите лица да бидат активно вклучени во формирањето политики за младите, а со цел да се овозможи и да се потпомогне афирмацијата на младите како активни учесници во овие процеси, да се информираат, да се промовираат и да се заштитуваат нивните интереси,

како и да се зголеми свеста во општеството за значењето и улогата на младите. Ова се постигнува преку промовирање меѓугенерациско партнерство, што значи соработка и поддршка помеѓу различни возрасни групи со цел да се олесни учеството на младите во процесите на одлучување и формирање политики.

Законот се фокусира на поддршката и унапредувањето на младинските организации, стимулирање структурни дијалози на национално и на локално ниво, како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа. Крајно, законот го поддржува личниот, професионален и социјален развој на младите, што е од суштинско значење за нивната интеграција и напредокот во општеството.

Со цел да се обезбеди учество и претставување на младите во демократскиот процес и во органите на власт, се формира посебен орган – **Национално собрание**. НС на млади го избираат младинските претставници во советодавното тело, што е од големо значење во контекстот на застапување на интересите на младите, а ги креира приоритетите и политиките за застапување на овие младински претставници и ја координира и ја следи нивната работа. Оперативните трошоци за организирање на собранијата се финансираат од средства од Буџетот на РСМ. Регистарот на младински организации и организации за млади се одржува и се води од страна на АМС. **Важно е да се напомене** дека и по три години од донесувањето на законот, НС за млади сè уште не е формирано.

Општините, вклучувајќи ги и општините во градот Скопје и Градот Скопје, може да формираат **локални младински совети** во согласност со нивниот статут. Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во општините и Градот Скопје на делокругот на младински прашања и политики.

Важен стратешки документ што поставува среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и подобрување на интересите на младите претставува **Националната стратегија за млади**. НСМ е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите, а се утврдуваат и организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Националната стратегија за млади има важност во периодот од пет години и се спроведува со финансиски средства од Буџетот на РСМ.

Во согласност со Националната стратегија за млади се изготвува и **Локалната стратегија за млади**, која служи за поставување среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики на локално ниво. ЛСМ ја одобруваат Советот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје и има важност во период од пет години. Се спроведува со буџетски средства од соодветните општини и Градот Скопје.

## *ЗАКОН ЗА СПОРТОТ*[2]

Спортот е **дејност** што ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните.

Дејноста спорт ја вршат **спортските здруженија** и други правни лица во областа на спортот.

Младите **имаат право** да учествуваат на спортски настани и тренинзи под услов да ги почитуваат правилата и безбедносните стандарди на односниот спорт.

Јавниот интерес за младите во РСМ во областа на спортот се однесува на **поттикнување** на спортски активности на децата и младината во рамките на националните спортски федерации, организирање и спроведување спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите за постигнување врвни спортски резултати, поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации во државата, како и поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации.

Младите спортисти имаат право да учествуваат во **процесот на донесување одлуки и формулирање на правилата** на спортот што ги засегаат, да им бидат укажани можности да учат и да бидат поддржани во развојот на нивните спортски вештини. Важно е да се нагласи дека почитувањето на правата на младите спортисти е од суштинско значење за нивната физичка и емоционална благосостојба и развој во спортот.

Младите спортисти имаат **право на образование** и мора да им биде обезбедена можност да ги балансираат своите спортски и образовни активности. Тие мора да бидат заштитени од насилство, злоупотреба и

---

2 „Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19 и 244/19 од 26.11.2019 г.

нездрави практики во спортот, да бидат третирани еднакво и правично, без дискриминација.

Спортистите од помладите возрасни категории може да стекнат **спортска категорија** (спортист од светска категорија, меѓународна и државна категорија), доколку постигнат резултати што се предвидени за сениори согласно Правилникот за категоризација на спортистите и мерилата и критериумите за утврдување на статусот и рангот на спортистите во нашата држава. Доколку екипа или поединец ги исполни условите предвидени во категоризацијата за учество и остварен пласман на светско или европско првенство во највисоката старосна категорија за младинци, стекнува категорија **спортист од меѓународна категорија**.

Спортистите младинци до 20-годишна возраст, државјани на РСМ, врз основа на постигнати резултати во одреден временски период, стекнуваат спортска категорија **спортист – спортска надеж**.

## *ЗАКОН ЗА КУЛТУРАТА*[3]

Културата, во смисла на овој закон, ги опфаќа творештвото, објавувањето на уметничкото творештво и заштитата и користењето на творештвото.

Младите **имаат право** на слободно творештво, непрофесионално или професионално, како и право на образование за култура, независно од возраста, образованието, верската, етничката или друга припадност.

Законот за културата обезбедува рамка и насоки за поддршка и учество на младите лица во културните и уметничките активности на дадена земја. Важно е младите лица и нивните заедници да бидат информирани и активно да се вклучуваат во културните процеси, но и да ги користат можностите што ги нудат законите за култура за нивниот развој и нивното изразување. Здруженијата и организациите што ги **промовираат** уметноста и културата може да бидат важни за младите таленти и личности, давајќи им можност за изразување и учество во културните настани.

Законот за културата предвидува **програми и субвенции за поддршка на младите уметници и креативци**. Овие програми може да им обезбедат финансиска и институционална поддршка на младите лица со цел да ги

3 „Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18.

развијат своите уметнички и културни способности, но и да го насочат вниманието кон вклучувањето на младите лица во културните настани и проекти. Ова вклучува поддршка за млади креативци да создаваат, да учествуваат на изложби, концерти, филмски проекти и на други културни активности, а истовремено се регулираат активностите поврзани со одржувањето и промоцијата на културното наследство на земјата. Младите лица може да бидат вклучени во проекти за заштита и одржување на традициите и наследството.

## *ЗАКОН ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ*[4]

Во продолжение ќе се даде еден краток осврт на поимите со кои се уредуваат видовите, условите и начинот на приредување на игрите на среќа и забавните игри.

**Игри на среќа** се игрите во кои учесниците имаат еднакви можности за стекнување добивка со посредна или непосредна уплата на одреден износ (влог), а резултатот од играта исклучиво или претежно зависи од случајноста или од некој иден неизвесен настан во играта.

**Забавни игри** се игрите на компјутери, симулатори, видеоавтомати, флипери и други слични апарати што се ставаат во погон со помош на пари, жетони, како и други слични игри во кои се учествува со уплата, а во кои учесникот не може да оствари добивка во пари, предмети или права, туку стекнува право на една или повеќе бесплатни игри од ист вид, како и други игри од забавен карактер.

Основната цел на овој закон е да вклучи мерки за **заштита на младите од потенцијална злоупотреба и експлоатација** во областа на игрите на среќа, односно ограничувања во однос на влезот и учеството на младите во игрите и активностите за забава.

Со овој закон изречно се забранува лицата помлади од 18-годишна возраст да учествуваат во игрите на среќа.

Приредувачот на играта на среќа е должен да го **оневозможи учеството на лица помлади од 18-годишна возраст** во игрите на среќа.

---

4 „Службен весник на РМ“ бр. 24/2011 од 19.6.2018 од 25.2.2011 г.

На лица помлади од 18-годишна возраст **не треба да им биде дозволен влез** во казина, во простории каде што се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат-клубови. Приредувачот на играта на среќа има право да изврши увид во документацијата со која се докажува возраста на лицата.

Исто така, приредувачот на игрите на среќа е должен на влезната врата од деловната просторија во која се приредуваат игри на среќа да истакне **натпис** со содржина: „Се забранува влез на лица под 18-годишна возраст."

## *ИЗБОРЕН ЗАКОНИК*[5]

Согласно **ИЗ** на РСМ, „**избирачко право**", односно право на глас има секој државјанин на РСМ што навршил 18 години, има деловна способност и има постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно Градот Скопје каде што се врши изборот.

Малолетните млади лица (лица под 18-годишна возраст) **немаат право** да гласаат на локални, државни или други видови избори. Ова се прави поради што се смета дека лицата под 18-годишна возраст можеби немаат доволно зрелост и разбирање за да учествуваат во политички процеси и да ги разберат последиците од нивните гласови.

Во Избирачкиот список се запишуваат **сите граѓани со навршени 18 години** заклучно со денот на гласањето, кои имаат живеалиште на територијата на РСМ, а кои имаат важечка лична карта или патна исправа, односно чиј рок на важност на лична карта или патна исправа им истекува во периодот од распишување на изборите до денот на нивното одржување.

По навршувањето 18-годишна возраст, младите лица ги **исполнуваат условите** да се кандидираат за пратеник, член на совет и градоначалник.

5 „Службен весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21.

## *ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ*[6]

**Со ЗЗФ** се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организациските облици на странските организации во РСМ, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес. Во дејности од јавен интерес, меѓу другите, спаѓа и заштитата на деца и младинци.

Здружение може да основаат физички и правни лица. Здружение може да основаат најмалку петмина основачи од кои тројца од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на РСМ. Здружение на граѓани може да основаат **малолетни лица со навршена 15-годишна возраст** преку изјава за согласност за основање здружение од нивниот законски застапник за целите за кои се основа здружението во согласност со закон.

Членувањето во здружението е доброволно. Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот. **Малолетно лице со навршени 14 години** се зачленува во здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон. Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност исто така може да бидат членови на здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

## *ЗАКОН ЗА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ*[7]

Со **Законот за филмската дејност** се уредуваат вршењето на филмската дејност, основањето, работата, раководењето, управувањето, финансирањето, надзорот над работата и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за филм на РСМ.

Со цел заштита на малолетните лица во РСМ од филмови што може да им наштетат на нивниот морален, физички или психички развој, филмовите

---

6 „Службен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 239/22.

7 „Службен весник на РМ" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19.

што се дистрибуираат во РСМ за кноприкажување, односно за друга форма на јавно прикажување, задолжително се категоризираат, соодветно на содржината на филмот, во согласност со овој закон.

Дистрибутерот, односно киноприкажувачот на филмот е должен пред започнувањето на дистрибуцијата, односно киноприкажувањето на филмот во РСМ да изврши категоризација на филмот и на промотивните материјали и на друг јасен и видлив начин да ја истакне категоријата на филмот.

Начинот на категоризацијата на филмот, односно облиците на акустично и визуелно прикажување на категоријата, како и временските периоди во кои може да се прикажуваат содржините што може штетно да влијаат врз физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите ги пропишува министерот за култура со општ акт.

# ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ

## *ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ[8]*

**ЗСО** е систематизиран во четиринаесет Глави во кои се регулираат сите прашања што се однесуваат на средното образование.

**Со овој закон се уредуваат организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието.**

Наставата во средното образование се остварува преку планови и програми за гимназиско и стручно образование.

Средното образование се остварува во средни училишта што се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште)

8 „Службен весник на РМ“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 36/23 и 188/23.

и приватно средно училиште. Дејноста што се остварува во средното училиште е од јавен интерес и се врши како јавна служба.

**Средното образование е задолжително** за секој граѓанин под еднакви услови утврдени со овој закон и е бесплатно во јавните средни училишта.

Во самиот закон експлицитно е уредено дека <u>не се дозволени дискриминации</u> засновани врз пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

Воспитно-образовната дејност во средното училиште се изведува на **македонски јазик** со **кирилско писмо**. За припадниците на заедниците што следат настава на јазик различен од македонскиот и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната дејност во јавните средни училишта се изведува на **јазикот и писмото на соодветната заедница** на начин и под услови утврдени со овој закон.

Развојот на образованието во државните училишта се утврдува со програма што ја донесува Владата на РСМ во согласност со развојните документи на РСМ.

Воспитно-образовната дејност во средното образование се реализира со **наставни планови и програми** во кои, пак, се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини и профилот на наставникот што ја реализира наставата.

Воспитно-образовната работа во средните училишта се остварува во **учебни години**. Учебната година во средните училишта по правило почнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.

Со овој закон се предвидени **четири видови средно образование**, и тоа:
- гимназиско образование;
- стручно образование;
- средно уметничко образование; и
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби.

Согласно овој закон, **статус на ученик** во средното образование се стекнува со запишување во средното училиште. Статус на редовен ученик може да се стекне само во едно средно училиште. Вонредни ученици

се лица што образованието го стекнуваат со самообразование, по пат на полагање испити за одреден план и програма во средното училиште. Како вонреден ученик може да се запише лице што исполнува еден од следниве услови: да биде постаро од 17 години; да биде на боледување подолг период; да му биде изречена педагошка мерка отстранување од училиштето; да биде во работен однос и во други случаи утврдени со статутот на средното училиште.

За ученикот што има статус на редовен ученик во јавно средно училиште се организира **бесплатен превоз до училиштето**, ако ученикот не се смести во ученички дом. Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраната струка и профил не е застапена во општината во која живее ученикот. **Ученикот со посебни образовни потреби и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста** на нивното место на живеење до државното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

**Општиот успех на ученикот** се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит, по завршувањето на поправните испити.

Ако ученикот **не е задоволен со некои од годишните оценки** што му се соопштени, **во рок од три дена** од соопштувањето на оценките има **право да поднесе приговор** до наставничкиот совет на јавното училиште. Наставничкиот совет може да одлучи да ја потврди, да ја измени оценката или да организира повторно проверување на знаењето на ученикот.

Учениците што по завршувањето на учебната година имаат три и повеќе негативни оценки не ја завршуваат годината. Годината не ја завршуваат и учениците што на поправниот испит во вториот испитен рок добиле негативна оценка или неоправдано не се јавиле на поправниот испит. Овие ученици имаат право повторно да се запишат во истата година.

**Дополнителна настава** се организира за ученици што покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако: имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

**Додатна настав**а се организира за учениците што постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).

Ученикот што во текот на образованието во јавните училишта се истакнува со способности, знаења и работни навики и има одличен успех може побрзо да напредува, односно да заврши две години во текот на една учебна година.

Во јавното училиште **се оценува и поведението** на ученикот. Поведението се оценува како: **примерно, добро, незадоволително**.

Во законот експлицитно е предвидено дека **телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот се забранети**.

За постигнат успех на учениците, јавното училиште доделува **дипломи**, и тоа:

- диплома за завршено средно образование и покажани исклучителни резултати и проширени и продлабочени знаења од областа на науката, уметноста и други видови дејност на талентирани ученици (се доделува на ученици што учествуваат на ученички натпревари, олимпијади и слични манифестации од државен и меѓународен карактер), и
- диплома за завршено средно образование со континуиран одличен успех (се доделува на ученици што покажуваат интерес и резултати во усвојувањето на знаењата по сите наставни предмети и во активностите во другите видови воспитно-образовна дејност во училиштето или надвор од него).

Поради повреда на должностите и неисполнување на обврските, врз ученикот може да се применат **педагошки мерки**: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од јавното училиште.

Писмената опомена за ученикот ја изрекува раководителот на паралелката, наставничкиот совет на паралелката или директорот.

Опомената пред отстранување и отстранувањето ги изрекува наставничкиот совет. Педагошката мерка отстранување може да се изрече само за потешка повреда на должноста утврдена со статутот на училиштето.

**Евиденцијата** се врши во главната книга на учениците, главната книга на завршен испит, главната книга на матурски испит, главната

книга на меѓународна матура, главната книга на средно специјалистичко образование, кои се документи со трајна вредност.

Државјанин на РСМ, кој завршил средно образование или завршил одделна година од средното образование во странство, има право да бара **нострификација или признавање еквиваленција** во согласност со овој закон, доколку не е поинаку определено со меѓународните договори.

**Орган на управување** во јавното средно училиште е училишниот одбор. **Училишниот одбор** во јавното средно училиште е составен од 12 члена, и тоа: четворица претставници од наставниците, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната заедница. Училишниот одбор избира претседател од редот на своите членови.

**Средствата за финансирање на јавното средно образование се обезбедуваат од Буџетот на РСМ** на начин и по постапка утврдени со Законот за буџетите на РСМ, Законот за извршување на Буџетот на РСМ и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Надзор** над законитоста на работата на средните училишта врши МОН.

Во законот на крајот се предвидени и **прекршочни санкции** поради непочитување на законот, од кои ќе ја издвоиме глобата што може да му се изрече на **родителот, односно старателот** на малолетниот ученик, доколку ученикот **не е запишан во средно образование или нередовно го посетува училиштето** и таа е во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност.

## *ЗАКОН ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ*[9]

Законот за високото образование е систематизиран во седумнаесет Глави во кои се регулираат сите прашања што се однесуваат на студентите во високообразовните институции.

ЗВО во РСМ ги регулира сите аспекти на високото образование во земјата. Овој закон ги уредува автономијата на универзитетот и академската слобода.

9 „Службен весник на РМ“ бр. 82/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 178/21.

**Високото образование** се остварува преку студиски програми на универзитети и самостојни високи стручни школи.

**Високообразовната квалификација** претставува формален резултат што произлегува од процесот на оценување и потврдување дека се постигнати резултатите од учење согласно утврдени стандарди по завршена студиска програма од прв, втор или трет циклус на високо образование, стекната во високообразовна установа во РСМ или во друга земја, која е акредитирана и има одобрение за вршење високообразовна дејност.

**Статусот на студент**, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на универзитет, односно на самостојната висока стручна школа. Статусот на студент се докажува со студентска легитимација или со индекс.

Во текот на своето академско образование, студентот **има право** на квалитетни студии и образовен процес, како што е предвидено со студиските програми, слободно искажување мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на високообразовната установа, право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците, редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент, редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови што важеле при уписот и заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство.

Студентот **има обврска** да ги исполнува задачите пропишани во студиските програми, да ги почитува одредбите од статутот на високообразовната установа и другите правни акти на внатрешното уредување, да се придржува кон решенијата и одлуките на органите на самостојната високообразовна установа и на нејзината единица, да ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала и да дејствува во согласност со студентскиот етички кодекс што го подготвува и го одобрува високообразовната установа во согласност со студентското претставување.

Студентите на сите степени на високо образование што се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните имаат право на посебни погодности утврдени со статутот на високообразовната установа. Владата на РСМ може да донесе одлука за посебни погодности за студентите, како

што се студентска картичка за попусти, бесплатен градски превоз и друго, при што средствата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ.

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече **дисциплинска мерка опомена, јавна опомена и исклучување**. Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

Со цел заштита на правата на студентите, на секој универзитет се избира **студентски правобранител** од редот на редовните студенти на универзитетот. Мандатот на студентскиот правобранител и на замениците студентски правобранители е 2 години, без можност за реизбор.

**Студентските собранија** се тела на високообразовните установи во кои членуваат претставници на студентите. Работата на студентското собрание се финансира од средства на високообразовната установа, како и од: легати, подароци, завештанија, прилози и други извори. Постојат:

**1. Универзитетското студентско собрание** е тело на **универзитетот** во кое членуваат претставници на студентите.

**2. Факултетското студентско собрание** е тело на **факултетот** во кое членуваат претставници на студентите. Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

**3. Студентското собрание на висока стручна школа** е тело на **високата стручна школа** во кое членуваат претставници на студентите.

Јавен универзитет, на предлог на единица на универзитет, може да воведе партиципација во трошоците за студирање за студентите чие образование се финансира од **Буџетот на РСМ**.

Приватен универзитет, приватно-јавен универзитет или приватна самостојна висока стручна школа во рамките на бројот на студентите определен со конкурсот определува школарина за студирање.

Јавен универзитет или јавна самостојна висока стручна школа во рамките на бројот на студентите определен со конкурсот може да воведе **школарина** за студирање за студентите чие образование не се финансира од Буџетот на РСМ.

Со школарината се утврдуваат трошоците за студирање за една студиска година, односно за стекнување 60 ЕКТС кредити.

Јавната високообразовна установа **нема да наплатува партиципација** за: лица без родители помлади од 26-годишна возраст, доколку се невработени; со инвалидност, согласно уредбата што ја донесува Владата по предлог на Националниот совет; воени инвалиди, лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени и други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на РСМ.

На крајот во овој закон се предвидени прекршочни одредби и глоби за оние лица (правни и физички) што ќе ги прекршат одредбите на законот.

## *ЗАКОН ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД[10]*

**Законот за ученичкиот стандард** е систематизиран во тринаесет Глави во кои се регулираат сите прашања што се однесуваат на ученичкиот стандард.

**Со овој закон се уредуваат основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за ученичкиот стандард, како дел од системот на воспитанието и образованието.**

**Ученичкиот стандард** се остварува во јавни установи за ученички стандард што се организираат како **јавен ученички дом** (општински, односно ученички дом на Градот Скопје и државен дом) и **приватен дом**, како и преку **стипендирање на учениците**. Овие установи се основаат за остварување интереси и потреби за престој на учениците што учат надвор од местото на живеење и нивната дејноста е од јавен интерес.

Со овој закон е регулирано дека секој редовен ученик **под еднакви услови** има право да престојува во ученички дом. Воспитно-образовната дејност во ученичкиот дом се изведува на македонски јазик и со кирилско писмо, додека, пак, за припадниците на заедниците што следат воспитно-

10 „Службен весник на РМ“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 248/20 и 302/20.

образовна работа на јазик различен од македонскиот и неговото кирилско писмо, таа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во ученичките домови, воспитно-образовната работа се остварува според **план и програма за остварување на дејноста** со кои се утврдуваат целите и задачите на воспитно-образовната работа, педагошките услови, основните подрачја на воспитно-образовната работа во ученичките домови, образовните стандарди и профилот на кадарот што ја реализира програмата.

Согласно овој закон, воспитно-образовната дејност во ученичките домови се организира и се изведува во воспитни групи и индивидуално.

Запишување и прием во општинските ученички домови, односно во Градот Скопје се врши по пат на конкурс што го објавува Министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 31 март, по претходно доставени предлози од општините и од Градот Скопје, а запишување и прием во државните ученички домови се врши по пат на конкурс што го објавува Министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 31 март. Ученикот може да биде примен во јавен ученички дом ако е: **државјанин на РСМ и редовен ученик во средното образование**. Предност за прием во јавен ученички дом имаат учениците за кои во поблиското семејство се остварени вкупни приходи на членовите во семејството не поголеми од минималната плата утврдена во РСН во претходната година. Во законот е предвидено под кои услови на ученикот му престанува престојот во ученичкиот дом, и тоа ако: го завршил образованието; не се запише во роковите што се определени со конкурсот; се испише; не го почитува куќниот ред и во други случаи утврдени со законите од образованието.

Законот упатува на актите на ученичките домови во кои поблиску е утврдено кои се **обврските и должностите на учениците** што ги користат услугите во ученичките домови, а, исто така, се предвидени и педагошки мерки што може да се применат во случај на повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот. Предвидени се три педагошки мерки: **писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од ученичкиот дом** (забрана за користење на услугите во ученичкиот дом).

Во законот се дава осврт и на воспитувачите и соработниците во воспитно-образовната работа и е уредено дека планот и програмата на

воспитно-образовната работа во ученичките домови ги реализираат воспитувачи и стручни соработници во воспитно-образовната работа (педагог, психолог и библиотекар). **Воспитувачите** во ученичките домови ја вршат воспитно-образовната работа со учениците и ги остваруваат целите и задачите на програмата, а **стручните соработници** во ученичките домови работат на педагошко-психолошките, библиотекарските и други стручни работи со кои се придонесува за воспитно-образовната работа.

**Педагошка документација**, во смисла на овој закон, е главната книга на учениците што е документ од трајна вредност и се води и се издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо. За припадниците на заедниците што воспитно-образовната работа ја следат на јазик различен од македонскиот, педагошката документација се води и се издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува воспитно-образовната работа. Во ученичките домови се води педагошка евиденција што опфаќа: дневник за работа, дневник за воспитна група, како и други планирања во воспитно-образовната работа.

**Цената за престојување во ученичките домови**, односно семејствата се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно нормативи и стандарди на овој вид услуги. Основачот на ученичкиот дом за учениците што учат во јавни средни училишта, а се сместени во јавен ученички дом, односно семејство партиципира до најмалку 50 % од утврдената цена, а разликата до вкупната цена ја доплаќа родителот, односно старателот.

Орган на управување во јавниот ученички дом е **Управниот одбор**, кој во јавните ученички домови е составен од седуммина членови, и тоа: двајца претставници од воспитувачите и стручните соработници, еден претставник од родителите, односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот и еден претставник од Министерството. Управниот одбор избира претседател од редот на своите членови.

**Директорот** е лице што раководи со ученичкиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на домот.

Во јавните ученички домови се формира **Совет на воспитувачи** како стручен орган за остварување на воспитно-образовната работа. Советот на воспитувачи во јавните ученички домови го сочинуваат воспитувачите, стручните соработници и директорот.

**Средства за финансирање** на јавните ученички домови се обезбедуваат од **Буџетот на РСМ** на начин и со постапка утврдени со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на РСМ, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, како и од корисниците на услуги.

**Надзор над законитоста** на работата на ученичкиот дом врши Министерството за образование, а **стручен надзор** во ученичкиот дом врши Бирото за развој на образованието на начин утврден со закон.

На крајот во овој закон се предвидени **прекршочни одредби и глоби** за оние лица (правни и физички) што ќе ги прекршат одредбите на законот.

## *ЗАКОН ЗА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД*[11]

**Законот за студентскиот стандард** е систематизиран во дванаесет Глави во кои се регулираат сите прашања што се однесуваат на студентскиот стандард.

**Со овој закон се уредуваат дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите.**

**Под студентски стандард**, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите, а, исто така, во смисла на овој закон, под студентски стандард се подразбира и обезбедување средства за наградување на најдобрите студенти од првите три најдобро рангирани високообразовни установи во РСМ, рангирани согласно ЗВО.

Студентскиот стандард се остварува во установи за студентски стандард што се организираат како **државен студентски дом и приватен студентски дом** (во натамошниот текст: студентски домови). Овие установи се основаат за остварување интереси и потреби за престој на студентите што студираат надвор од местото на живеење и нивната дејност е од јавен интерес.

---

11 „Службен весник на РМ“ бр. 15/13, 30/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 124/19 и 248/20 и 302/20.

Согласно овој закон, секој редовен студент **под еднакви услови** има право да престојува во студентски дом.

Во студентскиот дом **е забрането верско образование, како и политичко и верско организирање и дејствување**, а во просториите на студентскиот дом се забранува истакнување партиски и верски обележја.

**Студентски дом** е установа што на студентите им обезбедува сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности. За студентите може да биде организирано сместување и во приватен студентски дом. Нивната работата во текот на студиската година се утврдува со годишна програма.

**Право на сместување и исхрана** во државните студентски домови имаат студентите што се школуваат **надвор од местото на живеење** и тоа се врши по пат на конкурс што го објавува МОН во средствата за јавно информирање најдоцна до 15 јули. Запишувањето и приемот на студентите во приватните студентски домови се врши по пат на конкурс, кој го објавува основачот.

Со овој закон е предвидена **предност** при прием на студенти во студентските домови за **ранливите категории**, а тука спаѓаат: децата без родители и родителска грижа; децата со посебни потреби; децата на корисници на социјална парична помош и постојана парична помош; децата на самохран родител; децата на невработени родители; децата на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до минималната плата утврдена во РСМ, добиваат до 100 бода, во зависност од успехот во учењето и/или од должината на времетраењето на примањето социјална парична помош и постојана парична помош, освен децата без родители и родителска грижа и децата со посебни потреби, за кои вкупните приходи во семејството може да бидат и над минималната плата утврдена во РСМ.

Во овој закон се предвидени обврски и должности кон кои треба да се придржуваат студентите при користењето на услугите во студентските домови, односно студентот е должен да се придржува на **куќниот ред** што го донесува Управниот одбор. На студентите што не се придржуваат на утврдениот куќен ред може да им се изрече воспитна мерка: писмена опомена, опомена пред отстранување и забрана за користење на услугите во студентскиот дом.

Воспитните мерки писмена **опомена** и опомена пред отстранување се изрекуваат за полесни повреди на куќниот ред на студентскиот дом. Согласно законот, како **полесна повреда на куќниот ред** на студентскиот дом се смета: недолично и неодговорно однесување кон другите студенти и вработените во студентскиот дом, неодговорно однесување кон имотот и инвентарот на студентскиот дом, со што се предизвикува помала материјална штета, непочитување на забраната за пушење во студентскиот дом, непристојно однесување во ресторанот на студентскиот дом, неодржување хигиена во собата и заедничките простории во студентскиот дом и пуштање гласна музика. **Забраната за користење услуги** во студентскиот дом може да се изрече само за **потешки повреди на куќниот ред** на студентскиот дом: ненавремено пријавување дефекти на уредите што би предизвикале материјална штета, внесување и употреба на алкохол или наркотични средства, непридржување кон прописите за заштита од болест, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина, навредливо или насилничко однесување, неодговорно однесување кон имотот и инвентарот на студентскиот дом, со што се предизвикува поголема материјална штета, ненамирени трошоци за сместување во студентскиот дом повеќе од три месеци, предизвикување национална или расна нетрпеливост, непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверениот инвентар, спречување вршење контрола во собата од овластено лице од студентскиот дом, отстапување користење на собата на друго лице со цел стекнување материјална корист и повторување на полесните повреди на куќниот ред. Забраната за користењето услуги во студентскиот дом може да се изрече во траење до една година.

Во законот е регулирано дека престојот на студентот во студентскиот дом му престанува ако студентот: го завршил образованието, не се пријави во роковите што се определени со конкурсот, се испише, не го почитува куќниот ред и во други случаи утврдени со закон и статутот на студентскиот дом. Во законот експлицитно е предвидено дека **<u>телесното казнување и психичкото малтретирање на студентот се забранети</u>**.

Во студентските домови, за примените студенти се води **документација и евиденција** во главната книга каде што се води евиденција за примените студенти. За секој примен студент постои досие во кое се врши евиденцијата.

**Цената за сместување и исхрана во државните студентски домови** се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно нормативи и стандарди за овој вид услуги. За студентите што се сместени во државен студентски дом, Министерството партиципира во цената за сместување и исхрана до 50 % од утврдената цена, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот. За студентите што се сместени во државен студентски дом, а се деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална парична помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работниот однос од деловни причини, Министерството целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана, освен за деца на самохрани родители, деца на невработени родители и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работниот однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се над минималната плата утврдена во РСМ.

Орган на управување во државниот студентски дом е **Управниот одбор**, кој во јавните студентски домови е составен од седуммина членови, и тоа: тројца претставници од основачот, двајца од редот на вработените во студентскиот дом, еден претставник од редот на студентите станари во државен студентски дом и еден претставник од универзитетот каде што студентскиот дом е придружна членка, а врз принципите на стручност и компетентност. Управниот одбор избира претседател од редот на своите членови.

**Директорот** е лице што раководи со студентскиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на студентскиот дом.

**Средства за финансирање** на државните студентски домови се обезбедуваат од **Буџетот на РСМ** согласно Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на РСМ, како и од корисниците на услуги.

Во овој закон, а со цел откривање, стимулирање и негување надарени студенти од различни области на науката, техниката, културата, уметноста и спортот, предвидени се критериумите и условите под кои Министерството за образование им доделува **стипендии** на студентите. Основните критериуми за доделување стипендии се: постигнатиот успех во образованието, студиската програма на која е запишан студентот, материјалните можности на студентите и нивните семејства и учество во Програмата за обезбедување

туторство на ученици од основното образование, односно Програмата за обезбедување туторство на ученици од средното образование.

Доделувањето студентски стипендии на студенти што студираат во РСМ се врши врз основа на конкурс што го објавува Министерството. Од вкупниот број предвидени стипендии, 49 % се за студенти од социјалните категории, 30 % се за студенти што постигнале особен успех во учењето, 20 % се за студенти што се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 1 % се за студенти што се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.

**Корисници на студентски стипендии** може да бидат редовни студенти, државјани на РСМ, доколку ги исполнуваат условите и критериумите согласно овој закон.

**Надзор** над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши МОН, а инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат согласно закон.

На крајот во овој закон се предвидени и прекршочни одредби и глоби за оние што ќе ги прекршат одредбите на законот.

# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## *ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК*[12]

Законот за младински додаток во РСМ има цел да им обезбеди финансиска поддршка на младите лица со цел подобрување на нивната економска положба.

12 „Службен весник на РСМ“ бр. 65/23 од 23.3.2023 година.

Целта на овој закон е да ги поттикне младите лица да се вклучат на пазарот на трудот на производствена дејност и преку финансиската поддршка да се обезбеди нивно вработување на подолг временски период и подобрување на нивната економска ситуација.

**Младо лице** е физичко лице до 23-годишна возраст со минимум завршено средно образование, кое е вработено или самовработено во производствена дејност и има задолжително социјално осигурување согласно Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување.

**Младо лице** е и физичко лице до 23-годишна возраст со минимум завршено средно образование, кое се занимава исклучително со земјоделска дејност и има приход од земјоделство и задолжително социјално осигурување согласно Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување.

**Младинскиот додаток** претставува месечен додаток што се исплаќа од буџетот на АВРСМ на РСМ на банкарска сметка на младото лице.

Младинскиот додаток може да го користи младо лице што ги исполнува следниве услови:

1. Тоа треба да биде опфатено со задолжителното социјално осигурување по основ на вработување кај работодавач или самовработување со претежна производствена дејност;
2. Тоа треба да биде вработено во приватна агенција за вработување и да биде отстапено на работа кај работодавач со претежна производствена дејност; или
3. Тоа треба да биде опфатено со задолжителното социјално осигурување како индивидуален земјоделец.

Младинскиот додаток се **исплаќа** доколку младото лице прима плата и придонеси од задолжителното социјално осигурување од неговиот работодавач или самовработено лице, во рокови утврдени со закон. За индивидуалниот земјоделец, додатокот се исплаќа по извршена уплата на придонеси од задолжителното социјално осигурување согласно законот врз основа на податоците обезбедени од **УЈП**.

Младинскиот додаток **изнесува 3 000 денари** за полно работно време и подлежи на данок на личен доход. Исто така, додатокот се исплаќа еднаш

месечно на трансакциската сметка на младото лице, најдоцна до 25-ти во месецот за претходниот месец.

Министерството за труд и социјална политика врши надзор над примената на овој закон.

Младинскиот додаток се исплаќа сè до престанокот на задолжителното социјално осигурување поради вработување или самовработување, или поради престанок на задолжителното социјално осигурување како индивидуален земјоделец, но не подолго од навршувањето 23-годишна возраст на младото лице.

## *ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА*[13]

**Со Законот за социјалната заштита се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење за вршењето на дејноста на социјалната заштита.**

Во овој закон, она што би го истакнале како од посебен интерес за младите е одредбата во која е регулирано дека лице што до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, има право на интервентна еднократна парична помош во висина до 180 000 денари со цел вклучување во социјалната средина.

Ова право се остварува по напуштањето на установата или згрижувачкото семејство. Центарот за социјална работа, заедно со лицето, прави план за интеграција на лицето во социјалната средина што се однесува на обезбедување домување, вработување, редовно образование и други потреби, врз основа на кој се исплаќаат средствата. Планот се изготвува три месеци пред напуштањето на установата за вонсемејна заштита, станбената единица за живеење со поддршка или згрижувачкото семејство.

---

13 „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23.

## *ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА*[14]

**Со овој закон се уредуваат прашањата што се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита.**

Здравствената дејност што се однесува на младите на примарно ниво ја опфаќа здравствената дејност за **потребите на децата и училишната младина**, спроведувањето превентивни програми и мерки кај децата, младината, оние млади што се вработени и други посебно загрозени групи, односно групи што се посебно изложени на определени здравствени ризици, здравствен третман и медицинска рехабилитација на деца и младинци со посебни потреби.

Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје, покрај дејностите на здравствен дом за подрачјето за кое е формиран, може да врши и дејност исклучиво за функционална процена на деца и млади со **засегната здравствена состојба до 26-годишна возраст** во своето седиште и во внатрешните организациски единици, како и на територијата на РСМ во стручните тимови за функционална процена на деца и млади со засегната здравствена состојба до 26-годишна возраст во Струмица, Штип, Велес, Битола, Гостивар, Охрид, Куманово и во Делчево.

Здравствениот дом може да организира вршење одделни дејности во организациски единици надвор од своето седиште, така што да може, колку што е можно повеќе, на населението да му ги доближи особено дејностите од превентивната здравствена дејност за деца и младинци.

## *ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВОТО*[15]

**Законот за семејството ги уредува: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството,**

---

14 „Службен весник на РМ" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22 и 199/23.

15 „Службен весник на РМ" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на РСМ" бр. 53/21 и 199/23.

**издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови и постапката за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство.**

Овој закон во својот фокус ги има семејството и односите помеѓу неговите членови. Со оглед на тоа што семејството по дефиниција е животна заедница на родители и деца и други роднини, доколку живеат во заедничко домаќинство, дел од овој закон се однесува на децата (младите), нивните права и обврски во составот на семејната заедница, и тоа настанува со раѓање деца и со посвојување.

Основните принципи врз кои се заснова овој закон се рамноправност во односите во семејството, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Во ЗС се предвидени позитивни обврски што треба да ги исполни државата за да обезбеди посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа, како и да обезбеди заштита од семејно насилство. Државата е должна да создава и да обезбедува научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство, а во остварувањето на правото на слободно и одговорно родителство, родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и развој на нивното дете во семејството и во општеството.

Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право) и односите на родителите и децата се засноваат врз права и должности на родителите да се грижат за подигнување, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница.

ЗС не прави дистинкција во поглед на уживањето на правата за децата родени во брак или надвор од бракот. Правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини се еднакви, без оглед на тоа дали децата се родени во брак или надвор од бракот.

Родителското право престанува со полнолетство на детето или на друг начин предвиден со овој закон, а полнолетството се стекнува со

навршување 18-годишна возраст, кога полнолетното лице се здобива со деловна способност.

Издржувањето е право и должност на родителите, на децата и на другите роднини утврдени со овој закон, како и на лицата што живеат во брачна или вонбрачна заедница.

Државата има обврска преку старателство да им обезбеди заштита на децата без родители, на малолетните деца без родителска грижа и на полнолетните лица под услови и на начин утврден со овој закон.

Возрасната граница за склучување брак со овој закон е утврдена со навршувањето 18-годишна возраст. Сепак, предвиден е еден исклучок кога надлежен суд може, во вонпарнична постапка, да дозволи склучување брак на лице што навршило 16-годишна возраст ако утврди дека тоа достигнало телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во бракот, а по претходно прибавено мислење од здравствена установа и укажана стручна помош во Центарот за социјална работа.

Родителите имаат право и должност да ги издржуваат нивните малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување.

Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да бидат заштитени неговиот живот и неговото здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, да му бидат обезбедени оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување, зависно од условите на семејството. Малолетните деца имаат право да живеат со своите родители. Во ЗС е предвидено дека во случај кога тоа е од непосреден интерес за децата или од заеднички интерес за децата и за родителите, тие може да живеат и одвоено, но, во секој случај, детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее.

ЦСР е орган што врши надзор над вршењето на родителското право и е надлежен да се грижи за интересите на детето кога има одредени несогласувања помеѓу родителите.

Родителското право престанува со полнолетството на детето, со стапување во брак на детето пред полнолетството и со посвојување.

Родителите се должни да ги издржуваат своите малолетни деца. Ако школувањето и стручното образование на децата продолжува и по полнолетството, родителите се должни понатаму да ги издржуваат децата до редовното завршување на школувањето, но најдоцна до навршувањето 26-годишна возраст. Исто така, ако полнолетното лице е неспособно за работа поради болест, физички или психички недостаток, а нема доволно средства за живот и не може да ги добие од својот имот, родителите се должни да го издржуваат сè додека трае таа неспособност.

Обврската за издржување е обострана, односно таа постои и за децата, кои се должни да ги издржуваат своите родители што се неспособни за работа, а немаат доволно средства за издржување или средствата за издржување не може да ги остварат од својот имот.

Во ЗС се дава осврт и на имотот на малолетните деца и начинот на кој родителите треба да управуваат со него. Малолетни деца може да имаат свој имот што ќе го стекнат на со закон определен основ. Со тој имот, освен со оној што малолетникот го стекнал со работа, до неговото полнолетство управуваат и располагаат родителите на малолетникот на начин утврден со овој закон. Приходите од имотот на своето дете, родителите може да ги употребуваат првенствено за негово издржување, воспитание и образование, како и за неопходните потреби на семејната заедница, доколку сами немаат доволно сопствени средства. Законот предвидел дека за да може родителите да отуѓат или да оптоварат имот на своето дете, задолжително е потребно одобрение од Центарот за социјална работа, но ова отуѓување или оптоварување треба да биде потребно со цел негово издржување, воспитание и образование или ако тоа го бараат некои други интереси, како и кога тоа го бараат неопходни потреби на семејната заедница.

## *ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА*[16]

**Со Законот за заштита на децата се уредуваат** системот и организацијата за заштита на децата.

16 „Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована врз правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациска политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување развој на установи и служби за заштита на децата.

Како дете, во смисла на овој закон, се смета секое лице до навршена 18-годишна возраст, како и лица со попреченост до навршена 26-годишна возраст.

Правата за заштита на децата, во смисла на овој закон, се: **детски додаток; посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче; родителски додаток за дете; додаток за образование и партиципација**. Овие права се лични права и не може да се пренесуваат, а правата на децата што се состојат во парични примања не може да бидат предмет на извршување.

Со овој закон експлицитно се забранува секаков вид директна или индиректна **дискриминација** и **малтретирање** во остварувањето на правата и облиците на заштита на децата утврдени со овој закон.

Дејноста на заштитата на децата е од јавен интерес, а во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

**Детски додаток** е право на детето и се обезбедува како паричен надоместок за покривање дел од трошоците за подигнување и развој на детето. Право на детски додаток му се обезбедува на дете државјанин на РСМ што живее во домаќинство со постојано место на живеење во РСМ и доколку домаќинството не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

За дете со попреченост до 26-годишна возраст се обезбедува **посебен додаток** како паричен надоместок. Дете со попреченост, во смисла на овој закон, е дете со: пречки во телесниот развој (тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој), интелектуална попреченос т (умерена, тешка и длабока), најтешки облици на хронични заболувања со присутни оштетувања и лимитирани активности, оштетен вид (слепо и практично слепи лица), оштетен слух (практично глуво и тотално глуво), целосно отсуство на говорот, тешко оштетен говор, лице со изгубен или оштетен порано стекнат говор, аутизам и повеќе видови попреченост (комбинирани пречки во развојот).

**Еднократна парична помош за новороденче** се обезбедува на семејство за прво и второ новородено дете.

**Родителски додаток за дете** остварува мајка за своето трето живородено дете.

**Додаток за образование** се обезбедува со цел покривање дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата. Право на додаток за образование има домаќинство со дете што е на редовно школување во основно или средно образование во училишта во РСМ, верификувани од МОН и запишани во ЦРРСМ и во регистарот на МОН, чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци пред поднесувањето на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на додаток за образование, кој е поставен на 6 800 денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала, а најмногу за вкупно осуммина членови во домаќинството.

**Додаток за образование на лице што до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа**. Лице што до својата 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, а притоа е редовен ученик во средно училиште, има право на додаток за образование. Право на додаток за образование има и лице што до својата 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, а кое е запишано како редовен студент на некој од јавните високообразовни универзитети во РСМ, за секоја редовна студиска година, најдоцна до 26-годишна возраст.

Постапката за остварување на правото за заштита на децата се поведува по поднесено барање на родителот, односно старателот на детето, а надлежен орган е Центарот за социјална работа.

## *ЗАКОН ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИ ПРИ КУПУВАЊЕ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ*[17]

Со овој закон се уредуваат постапката и условите за давање поддршка на млади при купување музички инструменти за потребите во нивното образование. **МОН** дава поддршка на млади при купување музички инструменти преку поврат на дел од исплатените средства за купен музички инструмент.

Млади се редовни ученици запишани во државните средни училишта во кои се остваруваат планови и програми за музичка уметност и редовни студенти запишани на државните високообразовни установи каде што се остваруваат **студиски програми од областа на музиката**.

Министерството врши поврат на дел од исплатените средства за купен музички инструмент во висина од 75 % од исплатените средства, но не повеќе од 100 000 денари по инструмент за купени 25 музички инструменти од страна на редовни ученици запишани во државните средни училишта во кои се остваруваат планови и програми за музичка уметност и на редовни студенти запишани на државните високообразовни установи каде што се остваруваат студиски програми од областа на музиката.

Министерството објавува **Конкурс за поврат на средства за купен музички инструмент** на почетокот на секоја учебна, односно академска година, а студентот до МОН поднесува барање за поврат на средства.

Ученикот/студентот **не смее да го отуѓи** купениот музички инструмент за кој добил поврат на средства пред истекот на рокот од пет години од денот на повратот на средствата. Доколку ученикот/студентот го злоупотреби правото на поврат на средства за купен музички инструмент и го отуѓи пред истекот на рокот од пет години од денот на повратот на средствата, должен е во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на злоупотребата,

17 „Службен весник на РМ“ бр. 113/2018 од 19.6.2018.

односно отуѓувањето, да му ги врати средствата на Министерството во двоен износ од износот што го добил како поврат.

Доколку студентот го изгуби статусот на редовен студент или не ги заврши додипломските студии во рокот предвиден со статутот на високообразовната установа, ќе мора да ги врати средствата што ги добил како финансиска помош од МОН.

## *ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ*[18]

**Со ЗБПП се уредуваат** општите правила за обезбедување на бесплатната правна помош, видовите, опсегот на бесплатната правната помош, давателите и корисниците на бесплатна правна помош, нивните обврски и одговорности, постапката во која се остварува правото на бесплатна правна помош, финансирањето, наградата и надоместокот на трошоците за дадената бесплатна правна помош, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош, посебните постапки за правна помош, надзорот над примената на овој закон и други прашања што се однесуваат на бесплатната правна помош.

Целта на ЗБПП е да се овозможи и да се унапреди правото на физичките лица на пристап до правдата и правичната судска заштита. Бесплатна правна помош е правна помош одобрена и финансирана од страна на државата. Примарна правна помош е вид на бесплатна правна помош што се обезбедува од страна на МП, овластеното здружение и правната клиника. Секундарна правна помош е облик на бесплатна правна помош што се обезбедува од страна на адвокат запишан во Регистарот на адвокати за секундарна правна помош.

## *ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ*[19]

**Со Законот за заштита на личните податоци се уредуваат заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката**

18 „Службен весник на РМ“ бр. 101/19.

19 „Службен весник на РСМ“ бр. 42/20 и 294/21.

**на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштита на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.**

ЗЗЛП во делот за младите е од суштинска важност за заштита на правата и приватноста на младите лица. Со овие мерки се цели кон заштита од злоупотреба на нивните податоци и обезбедување на контролата врз нив.

Заштитата на личните податоци му се гарантира на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, боја на кожата, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или кои било други лични карактеристики.

Овој закон предвидува дека секоја обработка на лични податоци мора да биде во согласност со основните начела: законитост, правичност и транспарентност, ограничување на целите, минимален обем на податоци, точност, ограничување на рокот на чување и интегритет и доверливост.

Обработката на личните податоци е законита само ако и до оној степен доколку е исполнет најмалку еден од следниве услови:

- субјектот на лични податоци дал согласност за обработка на неговите лични податоци за една или повеќе конкретни цели;
- обработката е потребна за исполнување договор каде што субјектот на лични податоци е договорна страна или за да се преземат активности на барање на субјектот на лични податоци пред неговото пристапување кон договорот;
- обработката е потребна за исполнување на законската обврска на контролорот;
- обработката е потребна за заштита на суштинските интереси на субјектот на лични податоци или на друго физичко лице;
- обработката е потребна за извршување работи од јавен интерес или при вршење јавно овластување на контролорот утврдено со закон;
- обработката е потребна за целите на легитимните интереси на

контролорот или на трето лице, освен кога таквите интереси не преовладуваат над интересите или основните права и слободи на субјектот на лични податоци што бараат заштита на личните податоци, особено кога субјектот на личните податоци е дете.

Со ЗЗЛП, кој се донесе во 2020 година и со кој се направи усогласување со европската регулатива во областа на заштитата на личните податоци, и тоа: Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во поглед на обработката на лични податоци, за слободно движење на таквите податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на податоци) CELEX број 32016R0679, како новина се воведе согласноста на дете во однос на услугите на информатичкото општество.

Кога е потребна обработка на личните податоци на деца, обработката ќе биде законска само во случај кога таквата согласност е дадена или дозволена од законскиот застапник на детето. Но, во случај на услуги на информатичкото општество, обработката на личните податоци на дете е законска ако детето има најмалку 14 години. Новиот ЗЗЛП предвидува услови што се применуваат за согласноста на дете во однос на услугите на информатичкото општество. Во случај кога субјектот на лични податоци има дадено согласност за обработка на неговите лични податоци за една или повеќе конкретни цели во врска со директното нудење услуги на информатичкото општество на деца, обработката на личните податоци на дете е законска ако детето има најмалку 14 години. Ако детето е под 14-годишна возраст, таквата обработка е законска само ако и доколку таквата согласност е дадена или дозволена од законскиот застапник на детето. Во овие случаи, контролорот е должен да вложи разумен напор за верификација на тоа дека согласноста е дадена од законскиот застапник на детето, земајќи ја предвид расположливата технологија.

Со ЗЗЛП е предвидена глоба во износ до 2 % од вкупниот годишен приход на контролорот или обработувачот/правно лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што ѝ претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, а доколку во таа година правното лице почнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако: не обезбедува услови за верификација дека согласноста е дадена од законскиот застапник на детето во однос на услугите на информатичкото општество.

Надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на РСМ, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци врши Агенцијата за заштита на личните податоци, како самостоен и независен државен орган.

## *ЗАКОН ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ*[20]

**Со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се уредуваат правата, обврските и одговорностите во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи што ги емитуваат или ги реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.**

Целта на овој закон е во РСМ, покрај другото, да се обезбеди заштита на интересите на корисниците, особено на малолетните лица, додека, пак, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е орган што се грижи за обезбедувањето заштита на малолетните лица.

Во овој закон е одвоен посебен простор за заштита на малолетните лица, па така предвидено е дека радиодифузерите не смее да емитуваат или да пренесуваат програми што може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми што содржат порнографија или прекумерно насилство. Давателите на услуги, по барање, мора да преземат најстроги технички мерки за да обезбедат дека малолетните лица се заштитени од најштетните содржини, како што се прекумерното насилство и порнографијата.

Прекумерно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците, се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови насилство, кое е цел самото за

20 „Службен весник на РМ“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23.

себе и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот, ниту преку мотивите на драмското дејство на прикажаната програма.

Со ЗААМУ е предвидена заштита на личните податоци на малолетните лица, па, според тоа, личните податоци на малолетните лица, собрани или на друг начин генерирани или стекнати од давателите на медиумски услуги, не смее да се обработуваат за комерцијални цели, како што се директен маркетинг, профилирање и анализа или бихевиорално рекламирање.

Предвидени се забрани при аудиовизуелните комерцијални комуникации за алкохол и притоа тие не смее конкретно да бидат наменети за малолетници, а особено не смее да прикажуваат како ги консумираат малолетници. Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да им предизвикаат физичка, психичка или морална штета на малолетните лица.

Аудиовизуелните комерцијални комуникации што им се упатени на малолетните лица или во кои тие учествуваат не смее: директно да ги наговараат малолетните лица да купат или најмат производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност, директно да ги охрабруваат малолетните лица да бараат од родителите или од други лица да им ги купат рекламираните производи или услуги, да ја искористуваат посебната доверба што малолетните лица ја имаат во родителите, наставниците или други личности и да ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации.

Понатаму е предвидено дека давателите на услуги и платформи за споделување видеа под јурисдикција на РСМ се должни да преземат соодветни мерки за заштита на: малолетните лица од програми, видеа создадени од корисници и од аудиовизуелни комерцијални комуникации што може да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, јавноста од програми, видеа создадени од корисници и аудиовизуелни комерцијални комуникации што шират, оправдуваат, поттикнуваат и/или создаваат јасна и непосредна опасност од поттикнување омраза, насилство или дискриминација на индивидуални лица или групи врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, политичко уверување, друг вид уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус,

здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа и јавноста од програми, видеа создадени од корисници и аудиовизуелни комерцијални комуникации чие ширење претставува активност што е кривично дело согласно КЗ, вклучувајќи јавно повикување за вршење терористички дела, дела во врска со детската порнографија и кривични дела што се однесуваат на расизам и ксенофобија, согласно членот 48 од овој закон.

Во ЗААМУ се предвидени и прекршочни санкции и глоби кон сите оние што нема да ги почитуваат одредбите од овој закон.

# РАБОТА

## *ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ*[21]

Согласно членот 42 од Уставот на РСМ, Републиката посебно ги заштитува децата и малолетните лица во однос на воспоставувањето работен однос. Лице помладо од 15-годишна возраст не може да биде вработено. Малолетните лица имаат право на посебна заштита при работа. Малолетните лица не смее да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и за моралот.

Целта на ЗРО е да ги уреди **работните односи** помеѓу работниците и работодавачите, кои се установуваат преку согласност на **договор за вработување**.

Главната **цел** на овој закон е да ги вклучи работниците во работниот процес и да гарантира негово хармонично одвивање. Притоа, законот го почитува правото на работниците на слобода на трудот, го поддржува нивното достоинство и обезбедува заштита на нивните интереси во работниот однос.

21 „Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23.

Договор за вработување може да склучи младо лице под 18-годишна возраст што има општа здравствена способност.

**Забрането е вработување млади под 15-годишна возраст** или млади што не завршиле задолжителното образование, <u>освен</u> во случаи кога законот дозволува нивно учество во одредени активности. Младите може да учествуваат во такви активности, но **не повеќе од два часа дневно** или **не повеќе од 12 часа неделно**, <u>освен за време на училишниот распуст</u>, кога работата **може да трае не повеќе од шест часа дневно или не повеќе од 30 часа неделно**. Притоа, <u>задолжително им се обезбедува двонеделен одмор</u>.

Работодавачот има законска обврска да ги **заштити младите лица од економска експлоатација** и од работа што може да има негативен влијание врз нивната безбедност, здравје, физички, ментален, морален или социјален развој, исто како и на нивното образование.

За **младо лице** се смета секое лице што може да склучи договор за вработување, кое **има најмалку 15-годишна возраст, а под 18-годишна возраст**, и кое не е опфатено во задолжителното образование, за извршување работи што не се штетни по неговото здравје и неговата безбедност.

Максималниот број часови на работно време на младо лице **под 16-годишна возраст е 30 часа неделно** и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено.

Максималниот број часови на работно време на младо лице **над 16-годишна возраст е 37 часа и 45 минути неделно** и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи.

Работното време на **младо лице НЕ СМЕЕ да надмине осум часа во период од 24 часа**.

Како работа ќе се смета времето што младо лице го поминува во **стручна подготовка** во рамките на теоретската и практичната настава. Како учество во обука ќе се смета работа што ја врши младо лице кај работодавачот за која добива платен надоместок.

Работодавачот **НЕ СМЕЕ** да го користи **методот на награда** со цел зголемување на обемот на работа, при што би се загрозиле безбедноста и здравјето на младото лице.

**За полнолетни млади лица од 18 до 29-годишна возраст** се применуваат одредбите од ЗРО, со кои се уредува распоредувањето на работното време, одморот за време на работното време, неделниот одмор, платениот одмор, отсуството од работа поради празнување, отсуството од работа поради неспособност за работа поради болест, отсуството од работа поради вршење функција или обврски според посебни закони и одговорност за надоместок на штета.

**Платата** е составена од основна плата, дел од плата за работната успешност и додатоци на плата, и таа не може да биде пониска од минималната утврдена плата. Работодавачот е должен да исплати минимална плата за работа извршена за полно работно време. Платата мора да биде исплатена за период што не смее да биде подолг од еден месец, најдоцна 15 дена по изминувањето на исплатниот период.

**ВАЖНО** е да се потенцира дека исплата на дел од плата „на рака“ и враќање дел од платата е противзаконско.

**Право на регрес за годишен одмор** во висина од најмалку 40 % од основицата следува под услов ако младите работеле најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач. Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината. Законската обврска за исплата е од 1 јули до 31 декември.

**Работно време** е времето во кое се работи и се извршуваат работните задачи. Полното работно време не смее да биде подолго од 40 часа неделно, ниту пократко од 36 часа неделно. За прекувремената работа и за часовите за прекувремената работа, работодавачот е должен да води посебна евиденција и посебно да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот.

**Одморот** претставува прекин на физичките и интелектуалните работи, односно работни активности на вработеното лице во текот на работното време.

- **Дневен одмор** е одмор од најмалку 12 часа непрекинато меѓу два последователни работни дена во текот на 24 часа;
- **Неделен одмор** е одмор од 24 часа непрекинато, надополнети со 12 часа дневен одмор, односно вкупно 36 часа;
- **Годишен одмор** е одмор од најмалку 20 работни дена, но годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување може да се продолжи до 26 работни дена;

- **Платен одмор** следува поради лични и семејни околности (на пример: склучување брак, раѓање дете (само за таткото), смрт на член на семејство/близок роднина, полагање стручен испит и др. случаи утврдени во колективните договори). Деновите на платениот одмор се утврдуваат со колективен договор и, по сите основи, платениот одмор не може да изнесува повеќе од седум работни дена.

## *ЗАКОН ЗА ВОЛОНТЕРСТВО*[22]

**Со Законот за волонтерство се уредуваат волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтерството и евиденцијата на волонтерската работа.**

Волонтерството претставува активност од интерес за РСМ што придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество и се подразбира доброволно давање лични услуги, знаења и вештини и/или вршење други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.

Волонтер е физичко лице што дава услуги, вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели. Договор за волонтирање со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од неговите родители или старатели. Одредбите од Законот за работните односи, кои се однесуваат на заштита на лицата од 15 до 18-годишна возраст, соодветно се применуваат на малолетните лица што волонтираат.

Надоместокот на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирање се исплатуваат најмногу во висина до 15 % од просечната месечна плата во РСМ исплатена за претходната година, а трошоците за службени патувања и трошоците за обука се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.

22 „Службен весник на РМ“ бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на РСМ“ бр. 124/19 и 103/21.

## *ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА*[23]

Со ЗБЗР се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето мерки за безбедност и здравје при работа.

Целта на овој закон е да се воведат мерки што ќе поттикнат подобрување на безбедноста и здравјето при работа.

Имајќи предвид дека согласно ЗРО, под одредени услови, лице над 15-годишна возраст може да учествува во работен процес, аналогно и овој закон се однесува на тие лица.

Одредбите од овој закон се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица што се вклучени во работните процеси.

Со ЗБЗР е предвидена обврска за работодавачот, кој е должен да ги информира вработените и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените, таму каде што нема синдикат, и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, за секој вид ризик за сите работни места, за безбедносните мерки потребни за контрола на ризиците и елиминирање на штетните последици, како и информации за вработените со посебни одговорности за прва помош, заштита од пожари и евакуација. Работодавачот мора да ги информира и вработените со договор за вработување на определено време, **младите вработени**, повозрасните вработени во согласност со ЗРО и оние со намалена работна способност за резултатите од процената на ризиците и за мерките преземени од страна на работодавачот, со цел обезбедување на нивната безбедност и нивното здравје при работа.

---

23 „Службен весник на РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 18/20.

# ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ЗЛОУПОТРЕБУВАЊЕ

## *ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА*[24]

**Со овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејства што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци. Законот уредува услови и процедури за примена на мерки за помош, грижа и заштита кон овие деца, како и за примена на воспитни и алтернативни мерки. Исто така, законот се однесува и на начинот на казнување на децата и помладите полнолетни лица кога станува збор за кривични или прекршочни дела.**

Клучните принципи во сржта на правдата за децата се:

**Најдобриот интерес:** Во сите дејства каде што децата се директно или индиректно вклучени или засегнати од правосудниот систем, првенствена важност треба да му се даде на најдобриот интерес на детето. При преземањето какво било дејство мора да се размислува за тоа како тоа дејство ќе влијае врз детето или врз групите деца, со цел да се поведе сметка дека биле земени предвид нивните најдобри интереси.

**Недискриминација:** Принципот на недискриминација значи дека не треба да се прави разлика, ограничување, исклучување или да се дава предност на кое било дете врз основа на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално, етничко или социјално потекло, имот, попреченост, раѓање или друг статус.

**Право да се биде сослушан:** Правото на сослушување гарантира дека секое дете што е способно да формира став може слободно и целосно да се изрази во однос кое било прашање што може да го засега.

**Заштита:** Принципот на заштита е директно поврзан со неговиот најдобар интерес. Ја нагласува потребата од дополнителни мерки и заштита поради ранливоста на детето и должноста да се обезбеди оваа

24 „Службен весник на РМ“ бр. 148/13 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и 275/19.

заштита. Заштитата на добросостојбата на детето значи обезбедување стручна и образовна обука, како и воспоставување заштитни мерки за ограничување на сè што може да го попречи таквиот развој.

Целта на ЗПД и неговата примена се насочени кон остварување приоритетни интереси и заштита на децата. Ова вклучува заштита од криминални активности, насилство и каков било вид загрозување на нивните слободи и права, како и нивниот оптимален развој. Законот се става со цел заштита и поддршка на децата што се сторители на дела што се сметаат за кривични или прекршочни, а, исто така, целта е и нивна социјализација, воспитување и превоспитување.

Во продолжение ќе се даде еден краток осврт на изразите од овој закон што го имаат следново значење:

**Дете** е секое лице до 18-годишна возраст;

**Дете во ризик од 14 до 18-годишна возраст** е секое дете што во времето на извршување на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок, навршило 14, а не навршило 18 години;

**Дете во судир со закон од 14 до 16-годишна возраст** е секое дете што во времето на извршување на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор над три години, навршило 14, а не навршило 16 години;

**Дете во судир со закон над 16-годишна возраст** е секое дете што во времето на извршување на дејството со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор над три години, навршило 16 години, а не навршило 18 години;

**Помладо полнолетно лице** е лице што во времето на пресудување за дејство со закон предвидено како кривично дело навршило 18, а не навршило 21 година.

**Во случај на сторено кривично дело**, санкциите спрема деца се определуваат според нивната возраст и природата на дејствата за кои се обвинуваат.

4. За деца од 14 до 16-годишна возраст, доколку извршат дела што се сметаат за кривични според законот, како санкција може да им се изречат исклучително воспитни мерки. Ова значи дека нема да им се изрече казна, туку ќе се применуваат мерки со цел да се подобри нивното воспитување и одгледување.
5. За деца од 16 до 18-годишна возраст, доколку се обвинети за кривични дела, како санкција може да им се изречат воспитни мерки. Исто така, според извесни услови и во исклучоци, може да им се изрече и казна или алтернативна мерка.
6. За деца од 16 до 18-годишна возраст постои и општа условност, што значи дека може да бидат ослободени од казна под одредени услови определени со Кривичниот законик.

Целта на овие мерки и санкции е да се земат предвид возраста и способностите на децата, како и да се влијание врз нив на начин што соодветно ќе одговори на нивните потреби и воспитувањето, претходно со примена на построги казни.

На детето над 16-годишна возраст може да му се изречат 4 вида казни:

1. **Затвор за деца**
   Затвор за деца може да се изрече само како главна казна. И тоа се изрекува на дете кривично одговорно над 16-годишна возраст, кое сторило дејство што со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Затворот за деца не може да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.
2. **Парична казна**
   Паричната казна може да се изрече како главна казна. Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општокорисна работа.
3. **Забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија и**
4. **Протерување странец од земјата**

**Во однос на алтернативните мерки**, кои се даваат како замена за

казна, на кривично одговорно дете **над 16-годишна возраст** за стореното дејство што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат **3 алтернативни мерки**:

- условна осуда со заштитен надзор;
- условно прекинување на водење постапка спрема детето; и
- општокорисна работа.

На сторител, кој како помладо полнолетно лице извршило дејство што со закон е предвидено како кривично дело, а во времето на пресудувањето не навршило 21 година, судот може да му изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска мерка, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото може да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта што би се остварила со изрекувањето на казната. На помладо полнолетно лице на кое му е изречена воспитна мерка, судот, под условите предвидени со овој закон, може да му изрече и мерка на безбедност. Изречената воспитна мерка може да трае најмногу до навршените 23 години возраст на сторителот.

## *КРИВИЧЕН ЗАКОНИК*[25]

**Кривичниот законик** не се применува спрема дете што во време на извршување на кривичното дело не навршило четиринаесет години. Спрема малолетници и помлади полнолетни лица, за кривични дела предвидени со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на РСМ се применуваат одредбите на КЗ, ако не е предвидено поинаку со закон.

Во значењето на изразите од овој Законик, под „жртва на кривично дело" се подразбира секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело, под „**дете како жртва на кривично дело**" се подразбира малолетно лице до 18-годишна возраст, под „**насилство врз дете**", меѓу другото, се подразбира и: психичко насилство, насилство преку интернет, врсничко насилство, како и демнење и следење на детето.

25 „Службен весник на РМ" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 36/23 и 188/23.

Во КЗ е предвидено посебно кривично дело „**насилство врз дете**“, кое го опфаќа секое лице што ќе изврши физичко, психичко или друг вид насилство спрема дете и предвидено е да се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.

Во КЗ е предвидено кривично дело „**расна и друга дискриминација**“: „Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба или која било друга основа, предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признаени од страна на меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.“

## *ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА*[26]

**Со Законот за спречување и заштита од дискриминација се уредуваат превенцијата и забраната од дискриминација, облиците и видовите дискриминација, постапките за заштита од дискриминација, како и составот и работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**.

Овој закон првично беше донесен во 2019 година, а подоцна, со одлука на Уставниот суд на РСМ беше укинат со цел повторно да се донесе во октомври 2020 година, со кој се изврши усогласување со директивите на Европскиот парламент и на Советот на ЕУ, но и со принципите на конвенциите на Советот на Европа и пресудите на Европскиот суд за човекови права. Овој закон нуди најсеопфатна заштита на граѓаните од дискриминација во согласност со меѓународните стандарди за заштита од дискриминација.

Со ЗСЗД се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална

26 „Службен весник на РСМ“ бр. 258/20.

ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Дополнително, дискриминацијата се дефинира како „секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова врз дискриминаторска основа, со сторување или несторување, кои имаат цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и оневозможувањето соодветно приспособување и оневозможувањето пристапност и достапност до инфраструктурата, добрата и услугите".

Како главните новитети и одредби во овој закон, кои не беа предвидени во претходното законско решение, се експлицитно вклучувањето на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, како основни за дискриминација.

Со овој закон, видовите дискриминација се подобро дефинирани, односно освен тоа што се опфатени повеќе видови дискриминација, како што се вознемирување, виктимизација, сегрегација, постојат и потешки облици на дискриминација, како што се повеќекратната и интерсекциската дискриминација.

Законот содржи и одредби што се однесуваат на структурата и функционирањето на Комисијата за заштита од дискриминација, ја објаснува постапката за заштита од дискриминација и одредува казнени одредби во случај на прекршување на законот. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е самостоен и независен орган, кој својата работа ја извршува во согласност со европските стандарди за независност и стручност и претставува еден од основните механизми што им се достапни на граѓаните за спречување и заштита од дискриминација. Товарот на докажување паѓа врз сторителот на дискриминацијата. Граѓаните што поведуваат судска постапка за случај на дискриминација се ослободени од административни судски трошоци. Со овој закон, за пофалба е тоа што за првпат е инсталирана можноста за тужба од јавен

интерес, actio popularis, која претставува заедничка тужба од разни организации и здруженија, кои сметаат, односно може да направат дека веројатно е сторена дискриминација врз (група) граѓани и дека е од јавен интерес да се заштитат правата на оваа група луѓе.

## *ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО*[27]

**Со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се уредуваат постапувањето на институциите со должно внимание при преземањето мерки за превенција од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, постапувањето на институциите за заштита на жените од родово базирано насилство и семејното насилство, меѓусебната координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирањето податоци за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство**.

Со овој закон се предвидени и мерки за заштита и начин на постапување на институциите кога децата/младите се јавуваат како директни или индиректни жртви на семејно насилство и родово базирано насилство врз жените. Иако можеби со читање на законот се добива впечатокот дека првенствено се однесува на жените, кога се зборува за семејно насилство, со овој закон се мисли на насилство врз брачниот другар (сопруга или сопруг), родителите или децата или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и на сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица што имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед на тоа дали сторителот го дели или не или го делел истото живеалиште со жртвата. Исто така, иако во законот преовладува зборот жени, во овој поим се вклучени и девојчињата под 18-годишна возраст. Сумирано, овој закон се донесува на младите лица со оглед на тоа дали, согласно Законот за младинско учество и младински политики, под поимот млади се подразбира секое лице од 15 до 29-годишна возраст.

**Приоритет на законот** е да се обезбеди брза и ефикасна постапка за заштита на жртвите, нивна реинтеграција во општеството, како и да се обезбеди превенција во насока на сузбивање и намалување на насилството.

---

27 „Службен весник на РМ“ бр. 24/21.

Со законот е уредено постапувањето на институциите, со должно внимание при заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство и на жртвите на семејно насилство, како и меѓусебната координација на институциите, бидејќи ова прашање треба мултисекторски да се третира од повеќе надлежни институции на национално и на локално ниво. Исто така, законот ги уредува и услугите за заштита на жртвите, односно шелтер-центрите и другите форми на помош и згрижување на жртвите. Во законот се предвидени и мерките за превенција. Овој закон ги уредува и воспоставувањето унифициран модел за собирање на податоците, брзото и ефикасно постапување на судовите и на центрите за социјална работа, како и правото на тужба пред граѓанските судови од страна на жртвите на родово базирано насилство, со цел утврдување одговорност за непостапување со должно внимание од страна на надлежните институции.

# ПОДЗАКОНСКИ АКТИ:

## 1. *ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛНО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ[28], донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 6 јули 2021 година*

Со оваа Одлука се формира Националното советодавно тело за младински политики, како тело за соработка помеѓу младински претставници и претставници на органите на државната управа, кое има советодавна и надзорна улога при спроведувањето на младинските политики и активностите за млади.

Националното советодавно тело е составено од:

1. По еден претставник од органите на државната управа, и тоа од:
   - Агенцијата за млади и спорт;
   - Министерството за труд и социјална политика;
   - Министерството за образование и наука;
   - Министерството за правда;

28 „Службен весник на РСМ" бр. 158/2021.

- Министерството за култура;
- Министерството за финансии;
- Министерството за здравство; и
- Министерството за локална самоуправа.

2. Деветмина младински претставници, од кои еден е претседател.

## 2. *ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИТЕ ЧАДОР-ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА[29], донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 1 февруари 2023 година*

Со оваа Програма се утврдува намената на средствата обезбедени од Буџетот на РСМ на АМС за 2023 година, Раздел 161.01, Програма 3, Потпрограма 30 – млади, ставка 463 – трансфер до невладини организации, 463110 – трансфер до здруженија и фондации, наменети за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор-организации во вкупен износ од 5.600.000,00 денари.

Средствата од точка 1 од оваа Програма ќе се користат за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор-организации, грантови во износ не поголем од 300.000,00 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

- зголемен ангажман на младите на локално ниво;
- зголемено учество на млади од рурални средини;
- препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите;
- достапност и транспарентност на информации од интерес на младите за остварување на нивните потреби;
- намалување врсничко и родово насилство, промовирање родова еднаквост и недискриминација;
- креирање иновативни решенија за намалување на невработеноста

29 „Службен весник на РСМ“ бр. 27/2023.

на младите и промоција на мерки за самовработување и претприемништво;
- креирање партнерства за промоција и унапредување на неформалното образование кај младите;
- промоција и препознавање на правата на младите (младите како активни носители на човекови права); и
- зголемен пристап до информации и можности за млади.

За реализација на оваа Програма се грижи АМС – Сектор млади.

## 3. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2023 ГОДИНА[30], донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 1 февруари 2023 година

Со планираните средства во оваа Програма ќе се реализираат приоритетни активности со кои се остварува јавниот интерес на државата, утврдени со Законот за спортот, при што целта е одржување на националниот систем на натпревари и учество на националните тимови и спортистите поединци во рамките на меѓународните натпревари, одржување меѓународни спортски натпревари и манифестации во РСМ, научна поддршка на спортот и реализација на проекти од областа на спортот.

## 4. ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА НА МЛАДИТЕ РАБОТНИЦИ[31], донесен од министерот за труд и социјална политика на 28 септември 2012 година

Со овој Правилник се пропишуваат минималните барања за безбедноста и здравјето при работа на работниците во работен однос под осумнаесетгодишна возраст.

---

30 „Службен весник на РСМ“ бр. 27/2023.

31 „Службен весник на РМ“ бр. 127/2012.

## 5. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДЕН ЗА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[32], донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 24 јули 2001 година

Еколошката акција „Младите за здрава животна средина" ја организираат младите во РСМ во соработка со надлежните органи на државната управа, стручните институции, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, еколошките организации и здруженијата на граѓани. Акцијата се одржува традиционално и перманентно ќе се изведува во РСМ.

За ден на акцијата се определува 21 март – Денот на пролетта. Акцијата започнува со пригодни свечености и програмски активности на 21 март и се реализира континуирано во текот на целата година.

## 6. ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ФИЛМОВИТЕ, ЗА ОБЛИЦИТЕ НА АКУСТИЧНО И ВИЗУЕЛНО ПРИКАЖУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈАТА НА ФИЛМОВИТЕ И ЗА ВРЕМЕНСКИТЕ ПЕРИОДИ ВО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРИКАЖУВААТ ФИЛМОВИТЕ ШТО МОЖЕ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ ФИЗИЧКИОТ, ПСИХИЧКИОТ И МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА И НА МЛАДИТЕ[33], донесен од Министерството за култура на 6 февруари 2014 година

Со овој Правилник се пропишуваат начинот на категоризација на филмовите, облиците на акустично и визуелно прикажување на категоријата на филмовите и временските периоди во кои може да се прикажуваат филмовите што може штетно да влијаат врз физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и на младите.

---

32 „Службен весник на РМ" бр. 58/2001.

33 „Службен весник на РМ" бр. 38/2014.

## 7. ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВРВЕН ТРЕНЕР ЗА РАБОТА ВО СПОРТСКА АКАДЕМИЈА ЗА МЛАДИ ТАЛЕНТИ И ВРВЕН АКТИВЕН СПОРТИСТ[34], донесен од Агенцијата за млади и спорт на 1 декември 2016 година

Со овој Правилник поблиску се пропишуваат критериумите за определување врвен тренер за работа во спортска академија за млади таленти и врвен активен спортист со цел подготовки и учество на меѓународни натпреварувања, кои може да користат средства остварени од надоместоци за спорт согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри.

## 8. ОДЛУКА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ПРИМЕНА НА СПОГОДБАТА ПОМЕЃУ ЕВРОПСКАТА УНИЈА И РСМ ЗА УЧЕСТВОТО НА РСМ ВО ЕРАЗМУС+, ПРОГРАМА НА УНИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА, МЛАДИ И СПОРТ[35], донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 14 декември 2021 година

Се одобрува предвремена примена на Спогодбата помеѓу Европската Унија и РСМ за учеството на РСМ во Еразмус+, програма на Унијата за образование, обука, млади и спорт. Спогодбата е потпишана на 12 декември 2021 година, а предвремената примена ќе започне на 1 јануари 2021 година.

## 9. ПРОГРАМА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ

34 „Службен весник на РМ“ бр. 215/2016.

35 „Службен весник на РСМ“ бр. 296/2021.

## ***ВО РСМ[36], донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 1 февруари 2023 година***

Со оваа Програма, АМС ќе партиципира во реализацијата на приоритетите што произлегуваат од Програмата за работа на Владата на РСМ за 2023 година. Средствата ќе се насочат за реализација на приоритетни програми со кои се остварува јавниот интерес на државата, утврдени во Законот за спортот, при што целта е одржување и модернизација на националниот систем на натпревари, поддршка на националните спортски федерации и реализација на проекти на АМС.

## ***10. ПРОГРАМА ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ ДЕТЕ ШТО Е ЖРТВА ИЛИ Е ОШТЕТЕНО СО ДЕЈСТВО ШТО СО ЗАКОН Е ПРЕДВИДЕНО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО НА НАСИЛСТВО И НА ДРУГИ АКТИ НА ИНДИВИДУАЛНО ИЛИ ГРУПНО НАСИЛСТВО ЗА 2023 ГОДИНА[37], донесена од Министерството за правда на 8 јуни 2023 година***

Со оваа Програма се обезбедуваат средства за обесштетување дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2023 година.

Средствата од делот I од оваа Програма се користат за обесштетување дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство согласно одредбите од Законот за правда за децата.

За реализација на оваа Програма, од Буџетот на РСМ се одобрени 3.000.000,00 денари.

## ***11. ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА***

36 „Службен весник на РСМ“ бр.28/2023.

37 „Службен весник на РСМ“ бр. 122/2023.

## *НА ДЕЦАТА[38], донесен од Министерството за труд и социјална политика на 19 април 2013 година*

Со овој Правилник се пропишуваат поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правата за заштита на децата, и тоа за: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете.

## *12. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 2023 ГОДИНА, донесена од Владата на РСМ[39] на седницата одржана на 28 декември 2022 година*

Со оваа Програма се уредува користењето средства за заштита на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата согласно Законот за заштита на децата и подзаконските акти.

Развојот на дејноста за заштита на децата се утврдува со оваа Програма, која е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштита на децата.

Остварувањето на оваа Програма е во согласност со утврдените програми од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2023 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2023 година во делот на надоместоците за детска заштита.

## *13. ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК ЗА ДОМУВАЊЕ ЗА ЛИЦЕ ШТО ДО 18-ГОДИШНА ВОЗРАСТ ИМАЛО СТАТУС НА ДЕТЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ И БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА, ОДНОСНО И ПО ПРЕСТАНОКОТ НА СТАРАТЕЛСТВОТО, А НАЈМНОГУ ДО 26-ГОДИШНА ВОЗРАСТ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО*

---

38 „Службен весник на РМ“ бр. 62/2013.

39 „Службен весник на РСМ“ бр. 287/2022.

***И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА[40], донесен од Министерството за труд и социјална политика на 28 мај 2019 година***

Со овој Правилник се пропишува начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице што до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанокот на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација.

## *14. ПРАВИЛНИК НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ[41], донесен од Агенцијата за млади и спорт бр. 01-2683/1 од 6.11.2018 година*

Со овој Правилник се определуваат субјектите на кои може да им се доделат средства за поддршка на проекти од областа на младите, како и постапката и критериумите за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите, поврзани со реализација на Националната стратегија за млади и Програмата за млади на АМС, како стратешки определби и визија на институцијата.

### 14а. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ [42] бр. 01-2683/1 од 6.11.2018 година, донесен на 5.11.2019 година

### 14б. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

40 „Службен весник на РМ“ бр. 109/2019.

41 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladite.pdf

42 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladite-3.pdf

**ПРАВИЛНИКОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ [43] бр. 01-2683/1 од 6.11.2018 година**, донесен на 29.1.2019 година

**14в. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ [44] бр. 01-2683/1 од 6.11.2018 година,** донесен на 5.2.2020 година

**14г. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ [45] бр. 01-2683/1 од 6.11.2018 година,** донесен во 2021 година

### *15. ПРАВИЛНИК ЗА СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ ЗА МЛАДИНСКИ ЦЕНТРИ[46], донесен од АМС на 7.4.2021 г.*

### *16. ПРАВИЛНИК ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[47], донесен од АМС бр. 01-1612/1 од 3.8.2018 година*

**16а. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

---

43 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladi-1.pdf

44 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladite-2.pdf

45 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-izmena-na-pravilnikot-za-poddrshka-na-proekti-od-oblasta-na-mladite.pdf

46 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-standardi-za-mladinski-centri-so-pro-pratni-dokumento-compressed-1-compressed.pdf

47 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-mladi-talentirani-licza-29.05.2018.pdf

**ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА [48] бр. 01-1612/1 од 3.8.2018 година,** донесен на 15.8.2019 година

166. **ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТАПКА И УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА [49] бр. 01-1612/1 од 3.8.2018 година,** донесен на 25.2.2021 година

# СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

## ***НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023-2027, донесена од Владата на РСМ***[50] *на седницата одржана на 26 септември 2023 година*

**НСМ 2023-2027** е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочните цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите со РСМ. Главен императив на Стратегијата е да ја унапреди положбата на младите во општеството поставувајќи основни принципи на дејствување и цели и мерки што нудат реформска рамка, пред сè, за институциите, но и за останатите чинители при овозможување на младите да ги остварат нивните права, потреби и интереси.

АМС е главен носител на процесот на изработка на НСМ 2023-2027. Стратегијата ги одразува ставовите и приоритетите на младите за сегашноста и за иднината на државата и се заснова врз стратешка определба на Владата да работи со и за младите, стремејќи се да обезбеди услови во кои младите ќе го достигнат нивниот целосен потенцијал. НСМ

48 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-mladi-talentirani-lica-1.pdf

49 https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-mladi-talentirani-lica-2.pdf

50 „Службен весник на РСМ“ бр. 204/2023.

е стратешки документ што произлегува од обврските дефинирани со ЗМУМП и претставува клучен механизам за унапредување на младинските политики и препознавање на потребите на младите во државата.

НСМ 2023-2027, заедно со акцискиот план што претставува составен дел од стратегијата, ја донесува Владата на РСМ и се однесува на временски период од пет години (2023-2027). Дефинираните мерки и цели се креирани од страна на младите и од институциите, негувајќи партнерски однос на тој начин што се трудат да обезбедат нивна остварливост во зададениот временски период, препознавајќи дека потребите на младите се динамични и менливи.

НСМ 2023-2027 опфаќа осум приоритетни области: младинско учество, младинско информирање, младинска работа, образование, култура, здравје, претприемништво и поддршка пред вработување и безбедност (од насилство).

Законот за младински додаток беше усвоен на седницата на владата одржана на 22 јануари 2020 година. Целта на младинскиот додаток е стимулирање на младите да се запишуваат во средни стручни училишта и поттикнување на вработувањето во производството или поддршка за младите што се вработени во производните области. Младинскиот додаток е дизајниран не само за да ја зголеми младинската вработеност, туку и да овозможи подобро платени работни места за младите луѓе. Мерката младински додаток може да ја користат млади лица до 23-годишна возраст со завршено најмалку средно образование. Младински додаток, како дополнителна финансиска асистенција во висина од 3.000,00 МКД на месечно ниво, може да користи младо лице што е осигурено и вработено на работна позиција со претежна производствена дејност или самовработено лице со претежна производствена дејност.

# ЗАКЛУЧОК

При оваа анализа беа земени предвид оние закони и подзаконски акти за кои сметавме дека директно и индиректно најмногу ги тангираат младите. Во таа смисла, сакаме да истакнеме дека постојат и други закони што на некој начин наоѓаат примена за младите, а посебно имајќи предвид

дека под поимот млади се опфатени сите лица од 15 до 29-годишна возраст, што претставува широка категорија.

Откако ја изготвивме анализата, со сигурност може да констатираме дека во РСМ постојат доволен број прописи што го регулираат ова прашање, но проблемот се јавува при нивната доследна примена. Како прво, би го изводиле Законот за младинско учество и младински политики, кој беше донесен на 14 јануари 2020 година. Но, и по три години од донесувањето, не се применува целосно и навремено. Па така, иако во законот е предвидено формирање Национално собрание за млади, тоа остана само празно слово на хартија или само бланкетна норма. Неформирањето на ова тело, пак, има реперкусии врз формирањето други тела, како што е, на пример, Националното советодавно тело чии членови треба да ги номинира Националното собрание за млади. Мал е бројот и на формирани локални младински совети како форма на организирање на младите во општините. Исто така, мал е бројот и на општини што имаат донесено локални стратегии за млади.

Многу закони се дизајнирани со цел да ги заштитат благосостојбата и правата на младите луѓе, препознавајќи ги нивната ранливост и потребата за надзор и менторство од возрасни.

И покрај законската заштита, младите се соочуваат со предизвици и празнини во правниот систем. Тие вклучуваат пристап до квалитетно образование, здравствена заштита и домување. Дискриминаторските закони и практики може да ги влошат овие прашања. Законите што ги засегаат младите честопати ги занемаруваат нивните гласови и перспективи. Поттикнувањето на младинското ангажирање во процесите на креирање политики и закони може да доведе до поправедни и ефективни правни рамки.

Нови предизвици за младите луѓе се воведени и со подемот на дигиталната ера. Проблемите со приватноста, сајбер малтретирањето и безбедноста на интернет бараат ажурирани законски одредби за да се решат овие предизвици што се развиваат. Законите мора да се приспособат на еволуирачките општествени норми и културни промени. Прашањата за родовиот идентитет, сексуалната ориентација и свеста за менталното здравје поттикнаа промени во законите поврзани со дискриминација и пристап до здравствена заштита за младите луѓе.

На младите им се потребни едукација и свест за нивните законски права и обврски. Програмите за правна писменост може да ги поттикнат да се движат низ правниот систем и да се залагаат за нивните права.

# ПРЕПОРАКИ

- Целосна, доследна и навремена имплементација на законите и подзаконските акти, со посебен осврт на Законот за младинско учество и младински политики, преку формирање тела предвидени во законот, како и донесување локални стратегии за млади од страна на сите општини во РСМ.
- Програми за поголема информираност на младите за нивните законски права и обврски.
- Правната рамка треба да ја земе предвид интерсекционалноста на младите луѓе, признавајќи дека тие може да се соочат со повеќе форми на дискриминација. Препорачливо е да се развиваат и да се промовираат програми за правна писменост насочени кон младите луѓе со цел да ги поттикнат со знаење за нивните права и одговорности.
- Понатаму, треба да се спроведуваат политики и иницијативи што обезбедуваат еднаков пристап до квалитетно образование, без оглед на социоекономскиот статус, етничката припадност или географската локација. Младите треба да се вклучат во развојот и прегледот на законите и политиките поврзани со млади. Потребно е формирање младински советодавни тела или форуми за да се зајакне нивниот глас.
- Промовирањето програми за дигитална писменост и онлајн безбедност се потребни за да се едуцираат младите луѓе со цел одговорно користење интернет, приватност на интернет и дигитално граѓанство.
- Да се изврши подобрување на законите за антидискриминација со цел да се одговори на интерсекционалноста и да се заштитат правата на младите луѓе што припаѓаат на маргинализираните заедници, како и подобрување на пристапот до здравствените услуги погодни за младите, вклучително и поддршка за менталното, сексуалното и репродуктивното здравје, и лекувањето од зависности.
- Треба да се изврши преземање сеопфатна реформа на системот за

малолетничка правда, со фокус на програмите за пренасочување, рехабилитација и алтернативи за затворање за младите престапници. Системот треба да им даде приоритет на нивната рехабилитација и реинтеграција во општеството.
– Спроведувањето програми за социјална поддршка е потребно за справување со социоекономските предизвици со кои се соочуваат младите луѓе, вклучувајќи домување, можности за вработување и програми за финансиска писменост.

Како заклучок, анализата на законите за млади ја нагласува потребата од холистички и еволутивен пристап за справување со предизвиците и можностите со кои се соочуваат младите. Целта на овие препораки е да создадат поправедна и инклузивна правна рамка што ги поттикнува благосостојбата, развојот и активното учество на младите во општеството.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/20 од 16.01.2020 година)

Закон за спортот („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19 и 244/19 од 26.11.2019)

Закон за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18)

Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ“ бр. 24/2011 од 19.06.2018 од 25.02.2011)

Изборен законик („Службен весник на РМ“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21)

Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 239/22)

Закон за филмската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19)

Закон за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 36/23 и 188/23)

Закон за високото образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 178/21)

Закон за ученичкиот стандард („Службен весник на РМ“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 248/20 и 302/20)

Закон за студентскиот стандард („Службен весник на РМ“ бр. 15/13, 30/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 124/19 и 248/20 и 302/20)

Закон за младински додаток („Службен весник на РСМ“ бр.65/23 од 23.03.2023 година)

Закон за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23)

Закон за здравствената заштита („Службен весник на РМ“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22 и 199/23)

Закон за семејството („Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на РСМ“ бр. 53/21 и 199/23)

Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)

Закон за поддршка на младите при купување музички инструменти („Службен весник на РМ“ бр. 113/2018 од 19.06.2018)

Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на РМ“ бр. 101/19)

Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20 и 294/21)

Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23)

Закон за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23)

Закон за волонтерство („Службен весник на РМ“ бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на РСМ“ бр. 124/19 и 103/21)

Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 18/20)

Закон за правда за децата („Службен весник на РМ“ бр. 148/13 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и 275/19)

Кривичен законик („Службен весник на РМ“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.36/23 и 188/23)

Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/20)

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на РМ“ бр. 24/21)

Одлука за формирање национално советодавно тело за младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 158/2021)

Програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор-

организации за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 27/2023)

Програма за развој на спорт и млади за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 27/2023)

Правилник за минималните барања за безбедноста и здравјето при работа на младите работници („Службен весник на РМ“ бр. 127/2012)

Одлука за определување ден за еколошка акција на младите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 58/2001)

Правилник за начинот на категоризација на филмовите, за облиците на акустично и визуелно прикажување на категоријата на филмовите и за временските периоди во кои може да се прикажуваат филмовите што може штетно да влијаат врз физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и на младите („Службен весник на РМ“ бр. 38/2014)

Правилник за критериумите за определување врвен тренер за работа во спортска академија за млади таленти и врвен активен спортист („Службен весник на РМ“ бр. 215/2016)

Одлука за предвремена примена на спогодбата помеѓу Европската Унија и РСМ за учеството на РСМ во Еразмус+, програма на Унијата за образование, обука, млади и спорт („Службен весник на РСМ“ бр. 296/2021)

Програма за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2023 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на АМС за унапредување на спортот во РСМ („Службен весник на РСМ“ бр. 28/2023)

Програма за обесштетување дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 122/2023)

Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 62/2013)

Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2023 година, донесена од Владата на РСМ („Службен весник на РСМ“ бр. 287/2022)

Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице што до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанокот на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на РМ“ бр. 109/2019)

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladite.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladite-3.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladi-1.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izmena-na-pravilnikot-za-poddrska-na-proekti-od-oblasta-na-mladite-2.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-izmena-na-pravilnikot-za-poddrshka-na-proekti-od-oblasta-na-mladite.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-standar-di-za-mladinski-centri-so-propratni-dokumento-compressed-1-compressed.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-mladi-talen-tirani-licza-29.05.2018.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izme-na-na-pravilnikot-za-mladi-talentirani-lica-1.pdf

https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/pravilnik-za-izme-na-na-pravilnikot-za-mladi-talentirani-lica-2.pdf

Правилник за изменување и дополнување на правилникот за определување постапка и утврдување критериуми за доделување награди на млади талентирани лица во РМ („Службен весник на РСМ“ бр. 204/2023)

Мониторинг извештај за имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики 2023, издаден од Националниот младински совет на Македонија